ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА НОРВЕШКА | ПРЕБАЗИРАЊЕ НА ВБР | „БЕРДАН 2 М1870“ | „MOWAG PIRANHA“

# ШТИТ

Број 109
Ноември 2018
50 денари
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



## „Македонски блесок 14“
уште еден голем успех на АРМ



# Промовирани 26 потпоручници во АРМ и нова класа питомци на Воената академија

На 19 октомври, со свеченост на Воената академија беа промовирани 26 потпоручници во АРМ, а заклетва дадоа нови 25 питомци кои го започнуваат своето воено образование. На Воената академија во потпоручници беа промовирани и 2 питомци од Црна Гора, како и 1 питомец од Косово, а свечена заклетва дадоа 4 нови питомци од Босна и Херцеговина, 3 од Црна Гора и 1 од Косово. Министерката за одбрана Радмила Шекеринска во своето обраќање им честиташе на промовираните потпоручници и на новопримените питомци, и им порача дека тоа се идните армиски лидери и дека тие влегуваат во институција која со право ужива највисока доверба помеѓу граѓаните на Република Македонија. „Вие сте идните армиски лидери кои ќе ја подигнат Армијата на Република Македонија на уште повисоко ниво и кои ќе успеат да го држат чекорот со современите текови и стандарди во одбранбената политика", рече министерката Шекеринска. Таа изрази задоволство што во секоја класа питомци има сè поголем број на припаднички на женскиот пол, што, како што рече, покажува дека Македонија и Армијата се менуваат на подобро, создавајќи шанси и отворајќи врати на сите, дури и во професии кои долги години се сметале за машки. Говорејќи за идните чекори во развојот на Воената академија,




министерката истакна дека со помош на НАТО-тимот за подобрување на процесот на воеnото образование, со забрзана динамика се работи на целосна модернизација на програмата и плановите за подготовка. „Во согласност со новите предизвици на модерното општество во областа на сајбер-безбедноста и одбраната, во Воената академија оваа академска година ги започнавме постдипломските студии на програмата „Сајбер-безбедност и дигитална форензика". Во моментов на овие магистерски студии се школуваат 30 студенти, а во рамки на Академијата размислуваме како повеќе акцент да ставиме на овие модерни предизвици, модерни ризици и нови начини како со нив да се справиме", заклучи министерката. На тројцата прворангирани питомци од 18. класа на Академијата, Бојан Миклош, Дамјан Јаневски и Неда Волчев, им беа доделени награди.

Кристина Илиевска





# содржина

ШТИТ ▌година X ▌број 109 ▌ноември 2018

Инфо
**Свечена церемонија за прием на 125 професионални војници** 5

24 часа
**„Македонски блесок 14"** 6

24 часа
**Октомври, месец на празнувања во кумановската касарна „Боро Менков"** 8

24 часа
**Совладување на водни пречки со месни, приручни и формациски средства** 12

Едукација
**Противпожарни средства и опрема и справување со пожари** 16

Едукација
**Инструментална асиметрија** 22

24 часа
**Пребазирање на воздухопловната бригада** 26

Вооружување
**Амфибиско оклопно возило БММП** 32

Вооружување
**„MOWAG PIRANHA"** 37

Глобал
**Парламентарен надзор над вооружените сили во СР Германија** 42

Низ историјата
**Историја на конфликтите во Авганистан** 46

Филм
**„Валцер со Башир"** 56

Убавините на Македонија
**Мермерното Езеро – македонското „Памук кале"** 58

# Стартуваа преговорите за НАТО

Нашата земја полека но сигурно се движи во вистинската насока и е целосно подготвена да ги прифати обврските што произлегуваат од Договорот од Вашингтон, како основачки акт за НАТО кој ги уредува принципите за членство во Алијансата.
Делегација на Владата на Република Македонија, предводена од заменик-претседателката на Владата на Р. Македонија и министерка за одбрана Радмила Шекеринска, заедно со националниот координатор за НАТО, Стево Пендаровски, во Брисел ја отворија сесијата со помошник-генералниот секретар на НАТО, амбасадорот Александро Алваргонзалес, и со тимот на НАТО за преговори за прием на Република Македонија во НАТО. На овој чин му претходеа подготовки и плодотворна и докажана соработка меѓу НАТО и Р. Македонија. Беа преземени сите потребни активности и мерки за исполнување на бараните цели наведени во Планот за спроведување на процесот на пристапување, подготвен од Комитетот за интеграција во НАТО на министерско ниво, како и од Работниот комитет за интеграција во НАТО. Веднаш по започнувањето на пристапните разговори започнавме со реализација на обврските што произлегуваат од пристапните разговори. Како што истакна и националниот координатор за НАТО Стево Пендаровски во Брисел, „Работевме со посебна посветеност во остварување на преземените обврски, од кои најголемо внимание беше посветено на Програмата за продолжување на реформите, во која примарниот фокус е ставен на реформите во одбраната и безбедноста, како и во областите како што се владеењето на правото, судската реформа, борбата против корупцијата и организираниот криминал, реформата на јавната администрација, реформите за следење на комуникациите и разузнавачките служби.
Во однос на активностите кои се одвиваа во рамките на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, во овој број на „Штит“ ги издвојуваме приемот на новите професионални војници во редовите на АРМ, приемот на нови кадети и промоцијата на дипломираните на Воената академија, прославата на Денот на ЗОК, успешното оценување на борбената готовност на декларираните единици на големата вежба „Македонски блесок 14“, методско-показната вежба на Инженерискиот баталјон, Денот на Воената полиција, пребазирањето на воздухопловите на АРМ и уште многу други активности кои ги извршуваа припадниците на АРМ, освојуваа пофалби и награди и како и секогаш нѐ исполнуваа со чувство на гордост и доверба во целосната подготвеност и интероперабилност на нашата армија со армиите на членките на НАТО.
А, со приемот на нашата земја како 30. членка на НАТО како најголем воено-политички сојуз, сите ќе можеме да ги почувствуваме придобивките од заедништвото и припадноста во оваа значајна алијанса.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Ксенија Митева
(лектор);
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)
Панде Димоска
(новинар)

Печати:
„ФЕНИКС ПРИНТ“
ДООЕЛ Кочани

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје, Република Македонија

Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Добредојдовте во големото армиско семејство !

## Свечена церемонија за прием на 125 професионални војници







На 30.10.2018 година во касарната „Илинден“ во Скопје се одржа свечена церемонија за прием на нови 125 професионални војници во редовите на Армијата на Република Македонија.
На церемонијата присуствуваа: министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, заменик-началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Азим Нуредин, државниот секретар во Министерството за одбрана Драган Николиќ и генерали на АРМ.
Топло добредојде на новите професионалните војници им посака министерката за одбрана Радмила Шекеринска и им порача дека одговорноста пред нив е голема, бидејќи се дел од најважниот столб на татковината, столбот на државноста и суверeноста.
„Денеска ми е навистина задоволство што ве гледам пред себе, подготвени да се носите со сите предизвици кои ги носи армиската униформа. Сакам да ви порачам дека овој ‘воз’ во кој сме сите заедно е на многу брза лента, граби напред и не смее да застане. Ве повикувам сите заедно, здружено и сплотено да работиме за да бидеме подобри, поефикасни и попрофесионални ” – рече министерката.
Во своето обраќање министерката Шекеринска истакна дека ова е реализација на вториот од трите предвидени огласи за оваа година за подмладување на Армијата и порача дека веднаш ќе се пристапи кон објавување на третиот јавен оглас, со што ќе се заоклужи приемот на вкупно 375 војници во редовите на АРМ.
На само чекор пред полноправното членство во НАТО-алијансата, професионалните војници се првите кои директно ќе ги почувствуваат придобивките од членството, како во секојдневното работење така и на личен и на професионален план.
„Вам ќе ви бидат отворени вратите да се борите за уште поголеми успеси. Ќе можете да создавате уште поголем престиж и за вас лично како професионалци, меѓутоа и за Армијата којашто ќе ја претставувате, и тоа ќе го правите со најмоќните светски армии од најразвиените држави во светот.
Ќе можете да бидете горди што секој од вас со вашата работа, упорност и професионалност ќе може да даде личен придонес кон овој процес на интеграција, кој ќе донесе нова ера за Република Македонија, како 30. членка на НАТО-алијансата” – истакна министерката
Од 125-те професионални војници, 14 се припаднички на женскиот пол, а во однос на етничка застапеност, 23 војници се граѓани на Република Македонија од албанска, турска, бошњачка, српска и ромска националност.

м-р Панде Димоска



# „Македонски блесок 14“
## уште еден голем успех на АРМ

Во периодот од 15.10.2018 година до 20.10.2018 година на армискиот полигон „Криволак“ и во касарната „Илинден“ во Скопје се одржа теренска вежба за операции за поддршка на мирот „Македонски блесок 14“ во која активно беа вклучени 450 лица

Вежбата „Македонски блесок 14” е резултат на едногодишен планирачки процес реализиран од тим со околу 30 офицери и подофицери од сите единици и команди од Армијата на Република Македонија. Активности кои ѝ претходеа на вежбата се три планирачки конференции и четири работилници, кои во потполност го следеа процесот на планирање на вежби во согласност со директивата на двете команди на НАТО-трансформации и операции. Основна цел на вежбата е преку самооценување да се демонстрира нивото на борбена готовност на дел од декларираните единици на АРМ – декларираната чета на Воената полиција (дчВП) и капацитетите за поддршка на операциите водени од НАТО во согласност со концептот за оперативни способности според стандардите на НАТО ниво 2. Мисија на декларираната чета на Воената полиција е во целост да обезбеди воено-полициска асистенција на воените операции и да придонесе во борбената готовност со обезбедување на: високи воени раководители, операции за обезбедување на бази, конвои, патроли, операции за прогон и пребарување, како и спроведување на офанзивни и дефанзивни операции, операции за спроведување на закон, операции за спроведување на воени заробеници, раселени лица и бегалци.
Секундарна цел на „Македонски блесок 14” е да презентира реален увид во армиските можности за структуирање, функционирање и особеност на декларираната Копнена маневарска болница (КМБ) со улога 2, а со тоа да одговори на предизвиците за НАТО медицинското оценување.
Во примарниот елемент за обука на оваа вежба се: декларираната чета на Воената полиција (дчВП) и Копнената маневарска болница (КМБ), додека секундарниот елемент за обука го сочинуваат повеќе едниници од составот на армијата, меѓу кои: Баталјонот на Воена полиција, Бригадата за логистичка поддршка, Првата механизирана пешадиска бригада, Воздухопловната бригада, Баталјонот за врски и Командата за обука и доктрини.
Оценувањето на борбената готовност на декларираната чета на Воената полиција е спроведено во пет области:



1. област – директиви, инструкции и процедури - оценка на подготовката на планови во време на мир, криза и војна).
2. област - операции – оценка на способноста на единиците за





„Оваа вежба претставува потполна демонстрација на борбената готовност на декларираната чета на Воената полиција, како и на нејзините капацитети за рамноправно учество во операции за поддршка на мирот предводени од НАТО".-потполковник Игор Манасовски, директор на „Македонски блесок 14"

тактичко распоредување и одговор на предизвици).

**3.** област – логистика – оценка на способноста за снабдување, одржување, транспорт и медицинска поддршка).

**4.** област – врски - оценка на способноста на единиците да воспостават и да одржуваат врски на мирновременска локација во текот на распоредување на реонот на операции).

**5.** област – администрација – оценка на сите елементи од пополнетоста во согласност со категоријата на готовност на декларираните единици.

Оценувањето на Копнената маневарска болница со улога 2 е извршено во четири области:

**1.** област – персонал - оценка на способноста за навремена идентификација на декларираниот персонал, негова замена и соодветна ротација).

**2.** област – опрема и материјали – оценка на расположливоста на медицинската опрема во реонот на операции и одржливост на истата).

**3.** област – процедури – оценка на способноста на единицата да обезбеди неопходна медицинска поддршка во согласност со декларираните капацитети во реонот на операции).

**4.** област – функционалност – оценка на функционалната поддршка на земјата-домаќин, обезбедување на неопходен минимум на стандарди за кореспонденција во НАТО форма.

Оценувањето на „Македонски блесок 14" е спроведено од национални оценувачки тимови, поддржани од оценувачи од Босна и Херцеговина и од Србија, а валоризација на процесот на НАТО оценување ниво 2 изврши тим на монитори од Здружената команда за операции на НАТО од Неапол, оценувачки тим на АРМ, заедно со набљудувачи од различни команди на НАТО.

За време на Вежбата беше реализиран и ден за високи гости на кој присуствуваа: министерката за одбрана на Република Македонија, Радмила Шекеринска, началникот на ГШ на АРМ, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, генерали на АРМ, претставници на Асоцијацијата на воените аташеи акредитирани во Република Македонија и други високи гости.

Во своето обраќање пред присутните, командантот на ЗОК, генерал-мајор Павле Арсоски, истакна дека низ серијалот на национални вежби „Македонски блесок" подигнато е нивото на обученост на декларираните единици, но исто така постигнато е и високо ниво на подготвеност за планирање, организација и реализација на меѓународни вежби.

На отворениот ден за високи гости беа демонстрирани борбени постапки и ситуации, кои беа дел од содржините за оценување на вежбата, а кои се базираат на фиктивно сценарио при учество во операции за одржување на мирот.

Од предвидените активности за Вежбата преостануваат уште две за реализација: Иницијално известување во месец декември 2018 година и Финалното известување и научени лекции во март 2019 година, со што ќе се финализира „Македонски блесок 14" како уште еден голем успех на АРМ.

м-р Панде Димоска






# Октомври, месец на празнувања во кумановската касарна „Боро Менков“

Свеченостите по повод Денот на ЗОК и патронатот на касарната, во средината на октомври ги проследија гости од Министерството за одбрана и од АРМ, од акредитираните воени аташеи, од локалните самоуправи на Куманово, Липково и Старо Нагоричане, претставници од бизнис-заедницата и граѓани.

Претставниците на ЗОК на 17 октомври со воена свеченост одбележаа 140 години од почетокот на Македонското востание од Кресна и ги потсетија присутните на придобивките од тој настан, идејата за создавање на независна и самостојна македонска држава, со сопствена војска. 17 Октомври, со одлука на претседателот на Р. Македонија, е определен за Ден на Здружената оперативна команда, како спомен на одбележување на значајните историски настани врз кои се темелат традициите во Армијата на Република Македонија.

Кумановската касарна „Боро Менков“ го одбележа патрониот празник, а Здружената оперативна команда, Денот на единицата. Оддавајќи почит кон минатото, присетувајќи се на значајните моменти од историјата, согледувајќи ја сегашноста и укажувајќи на плановите за наредниот период, одговорните ги прославија двата датуми на две одделни воени свечености

Обраќајќи им се припадниците на ЗОК, началникот на Генералштабот на АРМ, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, рече дека нивниот придонес, преку изградба и развој на командата и потчинетите








единици е за почит во однос на унапредувањето на севкупните одбранбени процеси. Тој ги потенцираше признанијата за успесите на ЗОК во вежбите, мисиите и постигнатите стандарди во обуките, ангажирањата при природни непогоди, поддршката на органите на државната и локалната власт. „Да продолжиме со континуирана работа, посветеност и меѓусебно почитување, да ги оствареме нашите обврски во исполнување на она што од нас го очекуваат граѓаните на Република Македонија“ – рече Ѓурчиновски.
На овој датум 1878 г. во селото Влахи, во близина на Кресна, е формирана Здружената команда – Штаб на македонското востание, како команда за востаничките сили, а за нејзин началник бил назначен, Димитар Поп Георгиев Беровски. Командантот на ЗОК, генерал-мајор Павле Арсоски, ја оцени како успешна годината меѓу двата празници, со бројни завршени ангажмани на домашен и на меѓународен план, но нагласи дека ова е и година исполнета со предизвици. Арсоски потсети дека ЗОК е столбот на Армијата и ги потенцираше трите мисии на командата, одбрана на територијалниот интегритет и суверенитет на Р. Македонија, учеството во колективните одбранбени системи, а преку придонес во мировните операции, поддршка на надворешната политика и заштита на националните интереси на Македонија и поддршка на државните и локални институции во кризни состојби. „Поддржувајќи ја определбата на нашата држава за полноправно членство во НАТО, припадници на ЗОК учествуваа во две билатерални обуки со нашите партнери од САД и Р.Словенија и активно учествуваа во 14 меѓународни вежби во рамките на НАТО, надвор од државата. Во текот на оваа недела се реализира националната вежба ‘Македонски блесок 14’, на која ги реоценуваме двата декларирани состави : четата на Воената полиција и Лесната маневарска болница, со што на двете единици ќе им го продолжиме статусот ‘борбено подготвени’ за наредните три години за операции предводени од НАТО“ – рече Арсоски. Тој најави дека ЗОК е вклучен во процесот на планирање на двете меѓународни вежби за 2019 година, кои ќе ги организира и чиј домаќин ќе биде АРМ, вежбата РЕГЕКС-19, за која рече дека е комплексна поради бројот на армии-учеснички и вежбата „Одлучен удар“ поради бројноста на учесниците и на воената техника. „Констатацијата која ја дадов на ова место, пред пет месеци, кога ја примав должноста командант на ЗОК, дека нашата држава се наоѓа во многу турбулентен историски период, сè уште е актуелна. Секако дека состојбата во нашето општество сите нè загрижува, но ние мораме да останеме фокусирани на нашата благородна мисија, бидејќи заканите и ризиците по безбедноста на државата се покомплексни од кога и да било претходно. Сепак, она што сите треба да нè охрабрува е фактот дека перспективите на нашата држава зависат само од нас самите. Стратешката определба на Македонија за интегрирање во НАТО и ЕУ сè уште се наш предизвик. Во таа смисла, АРМ мора да остане стабилна и посветена во исполнување на стандардите и активно да придонесува во вкупните државни заложби за остварување на евроатлантското членство“ – рече Арсоски. На свеченоста беа доделени награди и пофалници за најуспешните припадници на ЗОК и беа прочитани телеграмите со честитики.
Неколку дена претходно, кумановската касарна го одбележа патрониот празник и 77 години од загинувањето на народниот херој Боро Менков. Со бројни активности беше одбележан патрониот празник. Припадниците на кумановската касарна даруваа крв на крводарителска акција, граѓаните и присутните ја проследија и богатата културно-уметничка програма и воена свеченост. Командантот на касарната, потполковник Ердоан Хасан, зборуваше за учеството на Боро Менков во востанието на 11 Октомври, неговото дејствување во Карадачкиот партизански одред, борбата и загинувањето. „Идеалите за храброст, херојство, пожртвуваност и патриотизам кон сопствената држава и народ на Боро Менков и неговите соборци како да се пренесени на сегашните генерации. Како и тогаш, така и сега, задачите и обврските се големи, а целта е иста. Сите ние сме во функција на народот и државата, а со нашата храброст и патриотизам низ секојдневните активности и ангажирања го докажуваме тоа“ – рече потполковникот Хасан.
За историјата, за делото на Боро Менков, кој бил прогласен за народен херој на 30 декември 1951 година, зборуваше и историчарот од кумановскиот музеј, Јасмина Глигоровска. Цвеќе пред бистата на херојот во касарната положија командантот на ЗОК, заменик-командантот на Првата механизирана пешадиска бригада, командантот на касарната, членовите на Здружението на борците од Куманово, градоначалникот на општина Куманово, Максим Димитриевски, претставници од кумановските јавни претпријатија и градинката „Ангел Шајче“.
На свеченоста настапија ученици од гимназијата „Гоце Делчев“ и деца од градинката „Ангел Шајче“. Присутните граѓани имаа можност да разгледаат и дел од опремата и вооружувањето со кои располага Армијата.

Александра Максимовска



# Регионалниот и националниот пр во справувањето со транснацион безбедносни закани

И оваа година, традиционално, по шести пат, Алумни-асоцијацијата на Центарот „Џорџ Маршал“ од Република Македонија, со поддршка на Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ Маршал“ од Германија, Одделот за јавна дипломатија на НАТО и Одбранбениот колеџ на НАТО од Рим, организираше безбедносен форум на кој учествуваа голем број домашни и странски експерти од областа на безбедноста

Оваа година безбедносниот форум во организација на Алумни-асоцијацијата на Центарот „Џорџ Маршал“ од Република Македонија беше со наслов „Транснационалните безбедносни закани: регионален и национален придонес во регионалната безбедност“. Форумот и овој пат се одржа во прекрасниот Охрид во периодот од 17 до 21 септември. И оваа година, благодарејќи на залагањата на организаторите, на форумот учествуваа голем број врвни експерти, стручњаци и професори од земјата и од регионот, како и професори од престижни образовни институции, како што се Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ Маршал“ од Германија, НАТО колеџот од Рим и од други европски и американски универзитети.
Форумот, со пригодно излагање, го отвори заменикот-министер за надворешни работи Андреј Жерновски. Тој во своето поздравно обраќање ја поздрави долгогодишната плодотворна работа на Центарот за европски студии „Џорџ Маршал“ и успешно организираната мрежа на алумни-асоцијации од голем број земји, кои се постојано активни, соработуваат меѓусебно и даваат свој забележителен придонес во развојот на теоријата и практиката од областа на безбедноста.
Безбедносниот форум „Транснационалните безбедносни закани: регионален и национален придонес во регионалната безбедност“, концепциски беше осмислен во повеќе сесии на определени актуелни теми. Така, првата сесија беше посветена на сајбер-одбраната, и тоа во насока на справувањето со оваа „невидлива“ закана која е на врвот на евроатлантската безбедносна агенда. Презентацијата од страна на Круноslав Антолиш, вонреден професор на Полициската академија во Загреб, Р. Хрватска, го елабориране проблемот во врска со насоките за развој на сајбер-одбраната против сајбер-тероризмот, и тоа во национални, во регионални и во глобални рамки. На оваа сесија свое излагање имаше и професорот Митко Богданоски, продекан на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ од Скопје, кој на мошне интересен начин ги појаснуваше проблемите со хакерските напади врз системите




на институциите и можностите за превенција и заштита од истите.
Втората сесија беше посветена на евроатлантскиот одговор за справување со безбедносните закани со наслов „Заеднички трансатлантски одговор на различните безбедносни закани“. Свое излагање имаа професорот Џејмс Серока од „Ејборн“ универзитетот од САД и професорот Шефик Шеху од Државниот универзитет во Тетово. Третата сесија ги обедини размислувањата во однос на пронаоѓање заеднички регионален пристап и соработка помеѓу земјите од регионот на Западен Балкан во борбата против современите безбедносни закани. Воведно излагање за ова имаше амбасадорот Станислав Рашчан од Министерството за надворешни работи на Словенија, а дискутираа претставници од повеќе земји од регионот кои беа учесници на форумот.
Во продолжение следуваше сесијата посветена конкретно на регионалната соработка и заедничкиот пристап во борбата против тероризмот, на која свои искуства пренесоа д-р Марта Вујисиќ, од Српската жандармерија, д-р Васко Шутаров од Агенцијата за разузнавање на Р. Македонија и д-р Ивица Симоновски од Управата за финансиско разузнавање. Следната сесија ги обедини експертите од областа на организираниот криминал. На панелот свои излагања во однос на темата имаа д-р Гојко Павловиќ од Министерството за внатрешни работи на Република Српска, Босна и Херцеговина и д-р Горан Василевски од Министерството за одбрана на Република Македонија.
На шестата сесија имавме чест директно од министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски да слушнеме за активностите кои ги имаше Министерството за внатрешни работи во поглед на справувањето со големата мигрантска криза, која ги зафати речиси сите земји од регионот и пошироко и која бараше целосна посветеност и добра соработка помеѓу сите земји кои беа на патот на мигрантите. Министерот Спасовски се осврна на повеќе аспекти на кризата, потенцирајќи го не само хуманиот аспект на човечките страдања, туку и импликациите врз безбедноста од оваа криза. За одговорот на НАТО на мигрантската криза зборуваше генералот Ѓузепе Морабито од НАТО-одбранбениот колеџ од Рим.
На прашањето од следната сесија – како да се изгради ефективен национален безбедносен систем во однос на современите безбедносни закани, свое експертско видување имаа м-р Стефани Фенкарт од Меѓународниот институт за мир од Виена, Австрија, и д-р Брук Смит-Виндзор од корпорацијата РАНД и поранешен професор на НАТО-колеџот во Рим. Потоа следуваше специјална презентација од морнаричкиот капетан Горазд Бартол, шеф на Канцеларијата за врски на НАТО во Скопје, кој на крајот од својот мандат се осврна кон улогата на НАТО и процесот на интеграцијата на земјите од регионот во колективното членство. Капетанот Бартол искрено се заложи и ѝ посака на Република Македонија да ја види во НАТО и во ЕУ, како единствена можна опција за понатамошен демократски и сестран развој на државата.
Следната и последна сесија им беше посветена на хибридните закани, за што свои презентации имаа професорот Метју Род од Центарот за европски студии „Џорџ Маршал“ од Германија, професорот Методи Хаџијанев, генерал на АРМ и професор на Воената академија, како и професорката Итамара Локхард од универзитетот



„Џорџ Мејсон“ од САД.
Во текот на форумот директорот на алумни-програмата на Центарот „Џорџ Маршал“ од Гармиш, Дру Бек, ги запозна сите присутни учесници со новите едукативни програми и курсеви во рамките на Центарот за европски студии „Џорџ Маршал“, а беше презентирано и списанието „Конкордијам“ кое го издава Центарот и во кое постои можност за објава на научни и стручни трудови.
На крај, ќе спомenеме дека и овој пат претставникот од Управата за заштита на културното наследство, Ванчо Иванов, на сите учесници им овозможи да добијат убави печатени брошури за убавините и културните знаменитости на Македонија, совршено ги организираше културните тури низ Охрид, Струга и Вевчани и им овозможи на учесниците, освен со нови знаења од областа на безбедноста, да се здобијат и со несекојдневно доживување на културата и убавините на нашата земја.

д-р Жанет Ристоска



# Совладување на водни пречки с приражни и формациски средст

Совладувањето на водни пречки со месни, приручни и формациски средства е составен дел од обуките на сите родови во нашата армија, а како носител на оваа задача е Инженерискиот баталјон. За таа цел, Инженерискиот баталјон од составот на 1. механизирана пешадиска бригада при Здружената оперативна команда, одржа методско-показна вежба за совладување на водни пречки со месни, приручни и формациски средства

Едно од најсложените тактички и борбени дејства кои ги извршува нашата армија е совладување на водни пречки со месни, приручни и формациски средства. Под поимот „водни пречки“ се подразбираат: реки, потоци, канали, бари и помали природни и вештачки езера.Водните пречки се постојано присутен чинител на боиштата, бидејќи за разлика од другите пречки, не може да се совладаат со отстранување или со уништување. Дури и тогаш кога тие се плитки и може да се совладаат со газење, влијаат на успешноста на борбените дејства, од причина што го забавуваат или го запираат континуитетот на нападот. Од друга стана, на бранителот на водната пречка му овозможува голема предност бидејќи со послаби сили може да брани поширок фронт и воедно главните сили може да ги издвои во резерва и да ги користи за противнапад и обезбедување на боковите и задднината на своите единици. Совладувањето на водни пречки во воени услови може да биде на два начини. Со насилен премин (форсирање), кога спротивниот брег е бранет или со премин, во ситуација кога не е бранет од непријателот. Кога брегот е бранет од непријателски сили, а во таква ситуација можно е да е и добро утврден, се врши




насилен премин на водна пречка. Тоа претставува сложена и комплексна задача која бара темелни и долготрајни подготовки и содејство помеѓу единиците, посебно со инженериската единица, која го одредува, го уредува, го утврдува и го маскира местото каде се врши форсирањето. Загубите на жива сила и средства при изведувањето на насилен премин преку водна пречка е најчесто многу голем, освен ако одбраната на непријателот од другата страна на брегот не е организирана на „брза рака“. Од тие причини, наредба за насилен премин за совладување на водна пречка се издава само тогаш кога нема други опции за извршување на напад и постигнување на зададената цел. При борбени дејства за време на насилен премин за совладување на водна пречка дополнителни потешкотии се нејзините карактеристки. Ако пречката е река, потребно е да се знае во кој тек е (горен, среден или долен), нејзиниот водостој, ширина и длабочина, брзина, водните струи, плитките води, како и составот на самото дно на коритото. Исто така, важни се и метеоролошките услови, годишното време, карактеристиките и носивоста на средството со кое се изршува преминот, конфигурацијата и состојбата на бреговите на реката и многу други параметри. Водење на борба за време на насилен премин на водна пречка може многу да влијае на нејзиниот исход, дури и да донесе пресвртница. За тоа говорат многу битки водени низ историјата од античко време, походите на големи војсководци и тие од поновата историја, каде голема, ако не и пресудна улога за нејиниот исход, имало совладување на водни пречки. Од поновата историја може да се наведат многу примери. За време на Втората светска војна поголеми битки каде се употребени насилни преминувања на водна пречка се од блиското опкружување и се одиграле на реката Неретва и Сутјеска. Во Македонија премини преку водна пречка се извршени за време на Февруарскиот поход во 1944 година. При оперативните дејства на територијата на Р.Македонија, извршени се совладувања на водни пречки на Црна Река на потегот од с. Никодин кон Прилеп. Во ноември 1944 година Инженериската бригада на единиците на НОВ и ПОМ, чии традиции денес ги негува Инженерискиот баталјон, извршила премин преку водна пречка за да изврши минирање на железничкиот мост на реката Вардар со цел да се отежне повлекувањето на германските сили од Грција.

На премин на водна пречка или нејзино насилно совладувањето во воени услови отсекогаш се дава големо значење во сите армии во светот. За таа цел се користат современи и разновидни формациски средства. Тука спаѓаат речни борбени бродови, глисери, десантни и јуришни чамци со и без вонбродски мотор, сплавови и други средства. Од оклопните возила се користат анфибии, тенкови, самохотки и транспортери. Како и во другите армии, совладувањето на водни пречки со месни, прирачни и формациски средства е составен дел и од обуките на сите родови во нашата армија, а како носител на оваа задача е Инженерискиот баталјон. За таа цел, Инженерискиот баталјон од составот на 1. механизирана пешадиска бригада при ЗОК, одржа методско-показна вежба за совладување на водни пречки со месни, прирачни и формациски средства. Обуката се изведе на армискиот полигон „Криволак“ на делот од реката Вардар, кој претставува една од најголемите природни водни пречки во Република Македонија. Интересно е да се напомене дека вежбата се одржа во близина на местото каде се формира голем крив лак на реката Вардар. Оттаму е потеклото и значењето на името на селото, а во 1969 година е пуштен во употреба и армискиот полигон „Криволак“.

Вежбата започна со теоретски дел. Основните поими за карактеристиките на реката Вардар, ориентација на земјиштето и начинот на совладување на реката како водна пречка ги образложи потпоручник Иван Димитровски од 1. инженериска чета на Инженерискиот баталјон. Географската ориентација започна со одредување на северниот правец на местото каде се реализираше методско-показната вежба. Потоа се пристапи кон топографска ориентација. Таа се одреди со карта каде се изврши споредба на теренот и картатата, но и со одредување на правецот и растојанијата на околните објекти во однос на стојната точка и страните на светот. Тактичката ориентација се изврши со помош на добиените податоци од географската и топографската ориентација, при што се одредија ориентири, правецот на дејствување, маневарски можности, задачите на противникот и информирање на целите и задачите на својата и на соседните единици. По краткото





потсетување што претставува река и кои се нејзините елементи се пристапи кон карактеристиките на реката Вардар, со акцент на местоположбата каде се изведуваше методско-показната вежба. Приказ за пловни објекти од месни и приручни средства даде потпоручникот Орце Николов од 2. иженериска чета. Покрај современите формациски средства не се исклучува и примената на месните и приручни средства и материјали како дополнителни средства за совладување на водни пречки. Месни средства и материјали кои се употребуваат за правење на пловни објекти се сите материјали кои може да се пронајдат во околината каде се изведува премин преку водни пречки. Приручните средства се тие кои ги поседува единицата во својата формација. Нивната намена, иако не е за совладување на водни пречки, може да послужи за изработка на импровизирани пловни средства. Под импровизација се трга од фактот дека средствата и материјалите за совладување на водни пречки не може да се импровизираат. Се импровизираат решенијата за нивна примена. Месни и приручни средства за изработка на пловни објекти се: метални и дрвени буриња, внатрешни гуми, бојлери, корита, цистерни за вода и гориво, канистри за гориво, церади, шаторски крила или јутани вреќи наполнети со слама или пластични шишиња, кровни конструкции, дрва, даски и друга граѓа, бандери, кабли,



жици, јажиња, кламфи и многу други. Важно е да се напомене дека ваквите пловни објекти смеат да се употребуваат кога брзината на водниот тек е до 1 м/сек. Исто така, важно е и колкава е носивоста на импровизираните пловни објекти. Затоа се наметнува потребата од добро проучување и од нивно познавање и обука за нивна правилна употреба. Некој посебен шаблон за изработка на пловни објекти не постои, затоа што истите се прават од сè што е при рака и во форма која ја диктираат месните и приручните средства. За приказ на формациски средства задолжен беше потпоручник Ненад Јордановски од 1. инженериска чета на баталјонот. Тие претставуваат основни средства за совладување на водни пречки, овозможувајќи максимална брзина, носивост, стабилност и добар маневар. Чамците се лесни пловни средства наменети за десантен премин при форсирање на река, извлекување преку река, потпирачи ако се градат скели од лесна градба, извидување на водни препреки, речни стражи, спасување, врска помеѓу два брега или по должина на водната пречка, изведување на работи во вода и изведување на обуки на единиците. Според намената, чамците се делат на извидувачки, десантни и јуришни. Извидувачките чамци се наменети за извидување на водни пречки. Тие обично се пневматски, мали, со носивост до тројца војници и се лесни, со тежина од 20 кг. Овие карактеристики овозможуваат извидување бидејќи се потешки за забележување и по потреба лесно може да се кренат и да се преместат или да се сокријат. Десантните чамци се наменети за изведување на брз премин при форсирање или премин преку водна пречка. Исто така, може да се употреби и при склопување на лесни скели и мостови. Десантните чамци може да се изработени од дрво, метал, гума и полиестер. Нивната носивост зависи од обликот, димензиите и сопствената тежина на чунот. Обично се приспособени за превезување на едно одделение (8-12 војници). Тежината најмногу зависи од материјалот од којшто е изработен десантниот чамец и достигнува до 300 кг. Јуришните чамци се движат со помош на вонбродски мотори и имаат повеќе намени. Основната намена им е за вршење на јуриш и десант, а исто така може да се користат и за служба за спасување, речна стража и за маневри со скеле и понтонски мост. Носивоста им е до одделение на војници, а тежината до 300 кг. Може да се изработени од дрво, метал, гума и полиестер.
Практичниот дел од методско-показната вежба за насилен премин преку реката Вардар го реализираше мајорот Ласте Ѓоргиев, командир на 1. инженериска чета. Реката, како природна противпешадиска пречка, на местото каде се совладува претставува „тесно грло“, од причина



На методско-показната вежба „Совладување на водни пречки со месни, приручни и формациски средства“ присуствуваа командантот на 1. механизирана пешадиска бригада и нејзиниот клучен персонал, како и командантот и персоналот на Инженерискиот баталјон

што на релативно мал простор во текот на нејзиното совладување има голема концентрација на сили и средства.
Беа прикажани повеќе видови месни и приручни пловни средства за премин преку река, изработени од внатрешни гуми од возила, канистри и буриња за гориво, пластични шишиња и друго. Лоши особини на месните средства е тоа што се различни по големина и форма и по видот на материјалот од кои се направени. Исто така, нивната уотреба е ограничена со брзината на реката. И за месните и за приручните средства, карактеристично е што нивната изработка е бавна, потребен е лесен материјал кој е со мала носивост, бавни се при совладување на водни пречки и се со мал капацитет на превезување на жива сила и средства.
Во вториот дел од вежбата, за насилен (форсиран) премин преку реката Вардар, се употребија десантни чамци со деветчлени посади. Сценариото на вежбата налагаше насилно да се премине реката Вардар во делот на Мушанци, Црвени Брегови и Ливадиште, за да изврши прегрупирање и подготовка за изведување на нападна операција со крајна цел – протерување на непријателот. Инженерискиот баталјон доби задача со сопствени сили и средства да изврши уредување и поставување на места за насилен премин преку реката Вардар на трите зададени локации со сите придружни елементи за обезбедување на местата за насилен премин. За таа цел Инженерискиот баталјон изврши концепт на операции во три фази. Првата фаза опфати извидување на местата за насилен премин; уредување на приодните патишта, станици за регулирање на сообраќајот и поставување на рампи за насилен премин на трите наведени локации; избор и уредување на линии за поаѓање; маскирање на реоните за насилен премин. Во втората фаза се организираше контролно-заштитна служба на местата за насилен премин; расчистување на брегот, уредување на местата за собирање на единиците, местата за поаѓање и местата за складирање на потребните материјално-технички средства; изработка на засолништа и скривници за органите на контролно-заштитната служба и на материјално-техничките средства. Третата фаза опфати одржување на местата за насилен премин и поддршка на силите на 1. механизирана пешадиска бригада. По успешното форсирање на реката Вардар, се изврши деминирање на заземениот брег на реката, уредување на брегот, формирање на контролно-заштитна служба, поставување на узводни и низводни речни стражи и на станица за спасување, по што следеше изработка на место за премин со скеле, што понатаму би преминало во место за премин преку мост. Важно е при освојувањето на бранетиот брег да се задржат само онолку сили и средства кои се неопходни, поради зголемената фреквентност од други единици кои би преминале на потезите на реката Вардар кај Мушанци, Црвени Брегови и Ливадиште за остварување на крајната цел – протерување на непријателот.



Совладување на водни пречки со месни, приручни и формациски средства е вежба со која припадниците на Инженерискиот баталјон ја зголемуваат својата борбена готовност. Поради нејзината сложеност и комплексност, која зависи од многу податоци кои треба да се знаат пред да се изведе задачата, потребни се и извежбаност, добра подготвеност, вештина и координација на учесниците на вежбата. Карактеристично за вежбата е тоа што покрај обуките за воени дејства, оваа вежба е својствена и за примена во мирновременски услови. Сведоци сме на сè поголемите климатски промени кои влијаат на временските услови, предизвикувајќи елементарни непогоди, меѓу кои се и поплавите. Затоа, покрај примената за борбени дејства, совладувањето на водени пречки може да се примени и при справување со поплави при излевање на поголемите реки во Македонија.

Станчо Јовановски



# Противпожарни средства и опрема и справување со пожари

Пожарите се неизбежни, без оглед на развиеноста и организираноста на општествената заедница во борбата против ова зло, пожари секогаш ќе бидат присутни во поголема или помала мера, правејќи притоа поединечна штета и на општеството во целина. Приоритет во заштитата од пожарите треба да бидат превентивни мерки и постапки, кои ќе придонесуваат пожарот воопшто да не се случи или да се минимизира можноста за неговото појавување

Во Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел“ во текот на септември, во согласност со Календарот за специјализирани обуки, се реализираше специјализирана обука „Противпожарни средства и опрема и справување со пожари“. Еднодневната обука ја организираше Одделението за обука при Секторот за човечки ресурси во Министерството за одбрана во соработка со Центарот за обука при Дирекцијата за заштита и спасување. Обуката беше отворена од страна на помошник-раководителот на Секторот за човечки ресурси при Министерството за одбрана, д-р Јулијана Стојанова и директорот на Дирекцијата за заштита и спасување Аднан Џафероски, кои ја истакнаа плодната соработката помеѓу двете институции, посебно во делот на организирање и реализирање на обуки од заеднички интерес. Исто





времето на пристигнување на местото на пожарот, изборот на тактиката, времето на појавувањето на пожар и многу други фактори кои влијаат на тоа во кој момент ќе се запре ширењето на пожарот.
Целта на обуката беше учесниците да се запознаат со:
– системот за заштита и спасување и местото и улогата на противпожарните единици во справувањето со пожари на отворен простор;
– карактеристиките на шумските пожари и гаснењето на пожари на отворен простор;
– употреба на единица за заштита и спасување во спроведување на мерките за заштита и спасување;

теми. Слободан Вуковиќ од ДЗС на тема: Карактеристики на шумските пожари и пожари на отворен простор, опасности, мерки и постапки при појава и справувањето со пожари на отворен простор; Рамадан Асани од ДЗС на тема: Материјално-техничка опременост на силите за заштита и спасување и употреба на ПП-апарати, хидрантската мрежа и формациски сретства за ППЗ; Веле Митровски од ДЗС на тема: Запознавање со карактеристиките на специјалните возила за гасење шумски пожари и нивните перформанси; Благоја Менкиновски - ТППЕ на град Скопје на тема: Сили и средства за гасење пожари на отворен простор и употреба и намена на ПП-возилата МТС и



така беше истакнато оваа соработка да се продлабочи и да се прошири во повеќе области со што би се придонело за успешно справување и менаџирање или управување со појавите (ризици и опасности), кои можат да предизвикаат настанување на криза или поширока кризна состојба во државата или во нејзин помал дел.
Заштитата и спасувањето од пожари е област која е регулирана со повеќе законски и подзаконски акти, и во тој контекст потребно е да се обрне доволно внимание на планирањето за спроведување на соодветна обука за заштита и спасување од пожари.
При планирањето на активности за спасување и гасење на пожари потребно е навреме да се планира и да се знае бројот на ангажираните лица во гаснење пожари, нивната обука, квалитетот на противпожарна опрема, брзината на подготвување,

– обука на припадниците на единицата и одделенијата за ППЗ во својот делокруг на активност;
– проверка на можностите и постапките при употребата на единица и на расположивата опрема и МТС;
– меѓусебно запознавање и извежбување на членовите во заштитата и спасувањето од пожари;
– теоретска и практична настава со практична употреба на формациски средства за ППЗ, ПП - апарати и хидрантската мрежа во објектот и надвор од него и асистенција на ПП-возила.

На обуката учествуваа 29 припадници на Армијата на Република Македонија, референти за противпожарна заштита и членови на противпожарни екипи. Теоретскиот дел од обуката беше спроведен од страна на неколку квалификувани обучувачи на различни

опрема со кои располага ТППЕ.
Покрај теоретскиот дел беше спроведена и практична настава со практична употреба на ПП возила, МТС и опрема. Беше изведена симулација на пожар на отворен простор каде учесниците на обуката имаа можност да учествуваат во локализирање и гасење на пожарот.
Обуката беше заокружена со анализа, евалуација и иделување сертификати на учесниците на обуката од страна на Дирекцијата за заштита и спасување. Секторот за човечки ресурси при Министерството за одбрана на Дирекцијата за заштита и спасување и Територијалната противпожарна единица на град Скопје им додели благодарници за придонес во реализацијата на обуката, како и на предавачите/обучувачите за одржаното предавање.

Злате Станчевски




# Вооружените сили на Норвешка

Вооружените сили на Кралството Норвешка вклучуваат: копнена војска, поморски сили, воздухопловни сили и национална гарда. Одбранбениот штаб е одговорен за планирање, спроведување и контрола на развојот на норвешката армија. Началникот на штабот има командна и контролна функција над вооружените сили. Во време на војна, голем дел од надлежностите во врска со командувањето со ВС се пренесуваат на командантот на НАТО силите за Северозападна Европа

Копнената војска е најголемиот дел од армијата на Норвешка со 9.950 активен персонал и околу 5.000 регрутен состав, и во нејзин состав се: една механизирана пешадиска бригада со состав: два механизирани пешадиски баталјони; лесен оклопен баталјон; артилериски баталјон; инженериски баталјон; извидувачки баталјон; баталјон за врски; баталјон за борбено-сервисна поддршка; медицински баталјон и чета воена полиција; Кралска гарда; граничен извидувачки баталјон и центри за обука: Воена академија, Центар за тактичка обука -– Центар за обука со вооружување, Центар за логистичка обука и Центар за обука во зимски услови.

**Вооружување и опрема:** тенкови: „Leopard“ (германски); оклопни транспортери: „Bandvagn 206“ (шведски), „XA-186“ (фински), „CV9030“ (шведски), „Alvis“ (британски), „Din-go 2“ (германски) и „M113“ (SAD); извидувачки борбени возила: „Leguan“ (германски) и „910MCV-2“ (дански); артилерија: самоодни хаубици 155 мм и минофрлачи 107 мм и 81 мм; противтенковски системи: 84 мм „Carl Gustav“, „M-72“, „Javelin“ (САД); пешадиско вооружување: автоматски пушки „HK416, 9 мм MP5“, 4,6 мм; „P7“, пушкомитралези 5,56 мм „FN MINIMI“, снајперски пушки 12,7 мм „Barrett M82,7“,62 мм „HK417“, пиштоли 9 мм „P80“,фрлач на гранати „AG-HK416“.

Норвешките поморски сили се составени од воена морнарица, крајбрежна стража, морнарички центри за обука и военопоморски бази. Основна мисија на воената морнарица е надзор и контрола на крајбрежјето, одбрана во случај на поморска инвазија, заштита на морските комуникациски



Норвешката здружена команда извршува: контрола и следење на состојбите на територијалните води и на воздушниот простор на државата; поддршка на силите распоредени во меѓународни операции; справување со кризни ситуации; поддршка на цивилното население; планирање и спроведување воени вежби

мрежи и учество во поморски ангажмани во рамките на НАТО и на ОН. Крајбрежната стража, формирана 1977 година, е во состав на поморските сили со цел полесно обезбедување на нејзината обука, пополнување со персонал и одржување. Нејзина мисија е надгледување и контрола на норвешката „offshore“ економска зона и риболовот. Покрај ова, крајбрежната стража спроведува операции за барање и спасување и учествува во контрола на загадувањето со нафта. За време на војна, капацитетите на крајбрежна стража се ставаат под команда на воената морнарица. Мирновременската бројна состојба на поморските сили е 4.350 активен персонал (вклучувајќи и 2.000 регрути) и е составена од: 2 регионални команди, борбена флотила фрегати; флотила борбени бродови; подморничка флотила; флотила на минополагачи; група за специјални операции; крајбрежни ренџери, поморски ренџери; нуркачка единица и група за поддршка.
Основна мисија на Кралското воздухопловство е патролирање и контрола на воздушниот простор. Повеќето единици се целосно интегрирани во НАТО воздухопловната команда и се од суштинско значење за транспорт на сојузнички единици и опрема во случај на конфликт. Воздухопловството се состои од 3.600 активен персонал (вклучувајќи и околу 1.000 регрути) и е составено од: 3 борбени ескадрони; ескадрон за поморско извидување; ескадрон за барање и спасување; ескадрон за електронско војување; ескадрон за авиотранспорт; ескадрон за обука; 3 хеликоптерски ескадрони за транспорт и ракетна батерија „земја-воздух“. Во тек се големи промени во организацијата и структурата на норвешките воздухопловни сили. „F-35“ е одреден како борбен авион со кој ќе биде засилена норвешката борбена авијација. Нивната испорака е веќе започната. Според најави од страна на воениот врв, новата флота на борбени





За време на ангажирањето, командата над тие единици се пренесува на командантот на поморските сили во Националниот здружен штаб. Националната воздухопловна гарда е оспособена за обезбедување на бази на воздухопловните сили. Може да биде употребена и за медицинска помош и за заштита од нуклеарно, биолошко и хемиско оружје. Структуирана е во:

Командата за специјални операции е здружен штаб кој е надреден на Командата за специјални операции на копнената војска (FSK) и Командата за специјални операции на морнарицата (MJK). Плановите за реорганизација на силите за специјални операции под команда на Здружената команда биле претставени во 2013 година. Едновремено и буџетот за специјални операции бил зголемен за 10% во периодот од 2013 до 2018 година

авиони ќе влијае на одредени измени во структурата на воздухопловните сили и противвоздушната одбрана.

**Вооружување и опрема:** борбени авиони: борбени „F-16“ и „F-35 Lightning II“ (САД); морнарички патролни „P-3N“ и „4 P-3C Orion“; за тактички транспорт „C-130 J Hercules“; за електронско војување и ВИП транспорт „DA-20 Jet-Falcon“ (француски), за обука „MFI-15 SaabSafari“ (шведски). Хеликоптери: борбени „Bell 412“; НР морнарички борбени „NH90“; за барање и спасување „Sea King“ (во тек е нивна замена со „Augusta Westland AW101“); транспортни „Bell 412 SPM“, за крајбрежно патролирање „Linx Mk86“, како и два центри за воздушно набљудување и јавување.

Националната гарда се состои од 45.000 војници. Тие се активна резерва, се мобилизираат за кратко време и ги пополнуваат активните единици. Главни задачи се одбрана на територијалниот интегритет на државата, заштита на важната инфраструктура, поддршка на националниот кризен менаџмент и поддршка за граѓанското општество. Таа е важна алка помеѓу вооружените сили и граѓанското општество. Најголем дел од гардата е во состав на Националната копнена гарда, која е задолжена за одбрана на државата од копно. Поделена е на 4 региони, 11 окрузи и 241 област. Националната поморска гарда е оспособена за крајбрежен надзор и контрола. Исто така, може да биде одредена за обезбедување на одредени стратешки важни објекти или за извршување на мисии за барање и спасување. По извршена мобилизација, во состав на поморската гарда се и два борбени бродови од класата „Reine“ и 11 помали бродови. По потреба, може да бидат ангажирани и одреден број на цивилни бродови.



11 единици за брзо распоредување; 220 единици за интервенции; 4 поморски извидувачки единици; 17 поморски единици за интервенции; 7 воздухопловни единици за интервенции (во состав на базите). Од вооружување и опрема Националната гарда поседува: транспортни моторни возила; моторни возила за движење по снег; повеќенаменски чамци; пушкомитралези 12.7 мм; пушки „HK 416“, „HK 417“ и „AG-3“ и др.

Одбранбениот колеџ е установа за професионална обука, курсеви и магистерски студии, како за припадниците на вооружените сили така и за цивилниот сектор. Во негов состав се: Воената академија, Кралската морнаричка академија, Кралската воздухопловна академија, Колеџот за информатички инженеринг, Командно-штабниот колеџ, Школата за национална одбрана и Институтот за одбранбени студии.

**Одбранбена политика** – Во меѓународните односи, Норвешка е најактивна во рамките на регионот, особено во областа на безбедноста и одбраната. Тесно соработува и со Европската унија (ЕУ) во областа на заедничката надворешна и безбедносна политика, иако не е нејзина членка. Активен контрибутор е во европските



напори за управување со кризи и партиципира во силите за одговор на ЕУ.  Норвешка е првата членка која не е од ЕУ, а се приклучила кон Европската агенција за одбрана – EDA. Агенцијата ги регулира набавките за потребите на одбраната. Норвешка е активен член на Нордиската одбранбена соработка (NORDEFCO), заедно со Исланд, Данска, Шведска и Финска. Во 2016 година потпишале Меморандум за разбирање во областа на одбраната. Со договорот се овозможува поедноставно транзитирање низ териториите на земјите-членки, со единици со воена опрема, со што истовремено се зајакнува безбедноста во Балтичкиот регион. Потписници на Договорот за нордиска одбрана (NDMA) од 2017 година се: Норвешка, Данска, Финска и Шведска, со цел зајакнување на колективната безбедност и интензивирање на нивните заеднички настапи во меѓународната одбрана и безбедност. Во рамките на проектот се планира заедничка набавка на воена опрема со цел поголема заштеда на финансии. Норвешка е и еден од првите потписници на Конвенцијата за касетна муниција, која има 32 земји-потписнички и со која е договорено забрана за употреба на такво оружје.
Во 2014 година Норвешка се заложила дека ќе ги зголеми годишните трошоци за одбраната од 1,43% од бруто-домашниот производ (БДП) до 2%.
 Норвешка има регрутен систем и обврска на младите од 19 до 21 година за служење на воениот рок. Воениот рок трае 12 месеци во армијата и 6 месеци во Националната гарда, а после тоа и до четири или пет периоди за обука и кондицирање до возраст од 35, 44, 55 или 60 години, во зависност од чинот и должноста. Исклучоци се лицата ослободени од воена служба, кои се должни да служат 16 месеци цивилна служба. Жените се повикуваат на регрутирање на потполно ист начин како и мажите, но тие не се принудени на служење на воениот рок. Во 2008 година, женската популација регрути се сметала за начин за надминување на недостигот на воениот персонал, иако оваа идеја подоцна била отфрлена.Во 2013 година било предложено воената служба за жените, кои во тоа време сочинувале околу 10% од армијата, да биде задолжителна. Следната, 2014 година, норвешкиот Парламент ги изгласал правните регулативи, и од 2016 година, жените започнале со задолжително служење воен рок. Со долгорочните планови на армијата, 15% од подофицерите и 25% од офицерите би требало да бидат жени.

Норвешката армија учествува во операции  во рамките на ОН:UNMISS (Јужен Судан),MINUSMA (Мали), UNTSO (Среден Исток), MINUJUSTH (Хаити), UNMIL (Либерија),UNVMC (Колумбија) и UNFICYP (Кипар); во рамките на НАТО:KFOR (Косово) и ResoluteSupport (Авганистан); во состав на коалициски сили: Inherent Resolve (Ирак). Во мај 2014 година, на чело на мисијата UNFICYP во Кипар, била одредена генерал-мајор Kristin Lund, за прв пат норвешки жена-генерал. Од октомври 2017 година, генерал Lund е шеф на мисијата и началник на штабот на мисијата UNTSO

**Кибернетичка (Cyber) безбедност**
3,Агенцијата за национална безбедност на Норвешка има изработено Национална стратегија за сајбер-одбрана за потребите на министерствата за одбрана и за правда, уште во 2010 година, со предлог Националниот центар за сајбер-одбрана да биде управуван од Агенцијата за национална безбедност и да биде финансиран од страна на Министерството за одбрана. Агенцијата во 2014 година соопштила дека 50 компании во нафтениот сектор биле хакирани и препорачале на 250 други компании да ги проверат своите мрежи и системи. Главна цел на нападот била „Statoil“, најголемата нафтена компанија во Норвешка. Тогашниот сајбер-напад на нафтените и енергетските фирми било опишан како најголем досега против интересите на Норвешка. Минатата година Норвешка соопштила дека пристапува кон Центарот за совршенство за НАТО-кооперативна сајбер одбрана воТалин, Естонија.
**Набавки и модернизација** – Со набавката на 41 нови оклопни борбени возила „CV90“ од шведскиот „BAE Systems“ во период од 2014 до 2017 година, договорот вклучувал и програма за надградба на постоечките „103 CV90“, со намера да се материјализираат научените лекции од мисијата ISAF, од борбените дејства во Авганистан. Надградбата вклучувала: дополнителна заштита со оклоп, нови гумени заштитни влошки за гасеничните платна и подобрен интегриран радиосистем за командување и комуникација. Во тек е замената на постојните борбени авиони „Ф-16“ со 52 „Lockheed Martin F-35“ и 4 авиони за обука. Испораката би требало да се реализира во периодот од 2017 до 2024 година. Според планот, Норвешка ќе купува по шест авиони годишно во текот на осумте години. Заеднички проект на Норвешка, Холандија и Полска е заедничка набавка на транспортни авиони „А330“, со потпишување на договор со „Airbus“. Преговорите започнале во 2014 година а испораката на авионите би требало да се реализира во 2019 година. Во февруари 2017 година, Норвешка им се приклучила на Германија и на Белгија во потпишувањето на декларација за намера за приклучување кон здружена транспортна флота со набавката на „А330“. Флотата, првично формирана од Луксембург и од Холандија, би требало да брои вкупно осум авиони.
Во 2016 година Норвешка и Обединетото Кралство ја интензивирале соработката во областа на одбраната, особено во поморското патролирање. Двете држави постигнале согласност за заедничко поморско патролирање, со цел намалување на трошоците и подобрување на ефикасноста на сопствените поморски сили. Со договорот се планирани и заеднички воени вежби во Норвешка.

М.С.



# Инструментална асиметрија

Статистиката покажува дека сè до Втората светска војна, обично победувале посилните актери. Но, во последните 70 години, послабите актери бројат повеќе победи, што направи да се гледа на асиметричноста како на уникатна закана. Како и во многу други случаи, субјективноста е пречка да се дефинира правилно проблемот. Државите се ранливи поради пристрасноста дека се „a priori“ посилни од недржавните актери, а асиметријата има чисто практично и техничко значење. Меѓутоа, асиметријата има многу подлабока причина зошто посилните актери

Поимот „асиметричност“ во безбедносна смисла започна да се користи уште за време на Студената војна за да се опише конфликт меѓу спротивставени страни со различни капацитети, способности, стратегија и тактика. Тоа стана синоним за војна со елементи на герилско војување, бунтовништво, тероризам и други неконвенционални методи

не успеваат или тешко успеваат да се справат со послаб противник. Во последните двесте години, повеќе од војните имале симетрична форма. Употребата на војските според шаблон и со пропишана инструментална симетрија, како што е германскиот блицкриг, ја обликуваа стратегијата на НАТО и Варшавскиот пакт по Втората светска војна. Ваква стриктна симетрија на правила и норми ја дефинираа перцепцијата за т.н. „конвенционално војување“. Оттука, сè што не се придржувало на пропишаното, било неконвенционално и сметано за „асиметрично“. Сè што отстапувало од општо прифатениот



Асимитричноста не е само видлива во начинот на дејствување, туку и во однесувањето на страните во судир. Има причина зошто во одредени региони во светот конфликтите се многу понасилни и со примитивни методи кои не наликуваат на човечко однесување во 21 век

шаблон на војување било сметано за аномалија, ненормално однесување, за кое треба посебен одговор. Веќе неколку децении ова не е така, бидејќи асиметријата стана премногу честа појава. Во иднина, државите ќе продолжат да се соочуваат со противници кои значително ќе се разликуваат во капацитетите и способностите, а ќе ја користат истата логика на насилство.
Симетријата сè повеќе се губи бидејќи и самите држави веќе не го базираат планирањето фокусирано на градење способности, туку на заканите кои се најверојатни и најопасни. Стана реткост судир на страни со слични способности. Но, дури и кога држави со симетрична сила војувале едни против други, ретки се случаите кога ја сфаќале во целост противничката стратегија. Ова се должи на различната воена култура и неуспех да се прифатат истите норми и правила. Иако многу се пишува за асиметријата и стана модерно тероризмот да се поистоветува како асиметрична закана, и понатаму се потценува суштинскиот аспект на поимот. Тоа не е само резултат на различни средства и методи, туку различна идеологија, филозофија и култура на војување. Инструментална асиметрија подразбира намерно користење на асиметрична тактика и вооружување за да се постигне стратегиска предност, преку одбивање да се прифати доктрината која ја наметнува посилниот противник. Сепак, карактеризирање на асиметријата само како инструментална форма на стратегијата во војна е премногу ограничен пристап на темата. За да се сфати во целост природата на противникот, потребно е да се откријат неговите намери, култура и вредности. Непријателството е социјална конструкција, без оглед на алатката со која се располага. Истото вооружување, дури и неговата примена, има различен ефект кај различен корисник. Ова е важно да се земе предвид при коалициско војување. Различни војски може да продуцираат различни ефекти со исто вооружување, опрема и техника.

Сфаќањето на социјалниот однос меѓу различни актери е суштинско, особено во периодот по Студената војна, бидејќи денес меѓународните односи се многу покомплицирани. Потенцијалните и моменталните противници се сè побројни. Зголемен е бројот на пропаднати и одметнати држави, како и транснационални актери (терористи, радикални групи, организиран криминал), кои користат посебни стратегии против своите противници. Погрешно е да се анализираат овие актери низ очите на симетричноста. Потребно е да се сфатат како посебен проблем, но асиметричноста не треба да се користи како универзален поим за да се објаснат сите закани кои отстапуваат од нормалното. Ова сепак се прави, а особено политичарите сакаат да го користат терминот асиметрија за да се опишат одеднаш оние закани со кои државата тешко се справува. Се обвинува комплексноста и непредвидливоста на заканата, на сметка на неподготвеноста и неможноста на државата да ја сузбие. Се обвинува неморалот на терористот и неговата безобѕирност за цивилни жртви, на сметка на несоодветните или задоцнети мерки да се спречи нападот. Повикување на асиметричноста како проблем е барање оправдување со инертност да се парира на конкретна тактика на противникот и слепо придржување до сопствената доктрина и кога не дава резултати.

Некои култури се значително различни од западната. Конфликтите во последните три децении се водат долж културолошкиот јаз меѓу Западот и „останатите“. Различната култура на луѓето продуцира различна култура на насилство. Асмитричноста не е само видлива во начинот на дејствување, туку и во однесувањето на страните во судир. Има причина зошто во одредени региони во светот конфликтите се многу понасилни и со





примитивни методи кои не наликуваат на човечко однесување во 21 век. Овој културолошки аспект на асиметријата не може да се надмине преку ноќ. И понатаму западните воени практичари ја повторуваат истата грешка, иако повеќето од нив имаат искуства во водење војни во земјите на „третиот свет“ од времето на колонијализмот. И понатаму веруваат дека противниците мислат и дејствуваат на ист начин само затоа што имаат современо оружје. Постои нагон да се гледа противникот како сопствена копија, дека ќе дејствува со иста рационалност. Во процесот на донесување на одлука, за време на „воената игра“, кога се проигрува курсот на акција против тимот „црвени“, и понатаму „црвениот“ ја користи истата логика. Ретка е способноста да се навлезе во менталниот склоп на противникот и да се мисли како што тој би мислел. Тоа е индивидуална карактеристика и нема секој способност да излезе од својата кожа и да мисли како друг. Субјективноста е голем проблем при секое планирање, особено против некој кој е културолошки асиметричен. Ова е силната страна на коалициското планирање, доколку има планери од различна култура, особено слични на културата на потенцијалниот противник. Западот упорно не успева во целост да ја сфати рационалноста на насилството. Постои асиметричен јаз меѓу оперативната вештина на Западот и неговите противници кој се зголемува поради зголемување на асиметричноста на средствата и методите кои двете страни ги користат. Затоа Западот упорно го перцепира тероризмот како именка, а не како глагол. Во иднина, недржавните актери сè повеќе ќе го користат населението како жив штит, војната ќе се одвива околу и за населените места, и сè потешко ќе биде да се разликуваат цивилите од борците. Во конфликтите на Блискиот Исток, ретко кој носи пропишана униформа и означувања како страна во судир во согласност со Женевските конвенции. Со зголемување на асиметричноста, сè потешко ќе биде да се дефинира противникот, а уште потешко која страна во еден конфликт води правична, а која неправична војна, категорија која и досега тешко се одредуваше. Постои тенденција да се бара непријател кој најмногу ни одговара, наместо да се дефинира вистинскиот. Идната стратегиска

Специјалците се војници на иднината, бидејќи се селектираат и се обучуваат да се борат со комбинирање на знаење и инстинкт. Ако симетричноста е синоним за конвенционално војување, асиметричноста подразбира војување со примена на сили кои користат специјални средства и методи. Војникот на иднината ќе мора да има многу подобро познавање на средината во која се бори, да знае странски јазици, локални обичаи, психологија, познавање за дипломатија и преговарање. Тие ќе станат неизбежни вештини за успешно спроведување на воени операции

средина ќе стане повеќе нелинеарна, неодредена и хаотична отколку во минатото. Фактите укажуваат дека војната сè уште е непредвидлива, комплексна и не може да се објасни прецизно само со научни методи. Примената на технологијата не може да ја елиминира психолошката, социјалната, културната и политичката динамика на современата војна. Уништување на вооружување, опрема или единици, не значи дека ќе ја уништи волјата на противникот за борба. Клаузевиц истакнал дека противникот никогаш не е вистински поразен сè додека тоа не го признае. Предвидувањата во војна кои се базирани исклучиво на технолошка супериорност може да бидат многу погрешни, особено на стратегиско





ниво каде субјективноста е најголема. За време на операцијата „Слобода за Ирак“, коалицијата премногу се потпираше на технологијата и го занемари аспектот на блиска борба во урбани средини. Како резултат на тоа, иако стратегиската идеја за присутност и контрола на теренот генерално беше оправдана, цената беше релативно голема. Војниците кои патролира беа постојано изложени на заседи и мини на изненадување. Од стратегиски аспект непрекината присутност на теренот е оправдана, но од тактички аспект е секојдневна „лотарија“ за војникот при излегување на патрола.

За да се справиме со асиметријата во војна, треба да се открие што се случува во умот на противникот, од ниво на одлучување до оној кој извршува. Треба да се сфати против што навистина се бориме. Ова честопати е нејасно и ги фрустрира војниците, а во современото урбано војување тоа значи гледање на сите (цивили) наоколу како на непријатели. Затоа во асиметрични конфликти, за разлика од симетричните војни во минатите векови, многу повеќе страда цивилното население кое се затекне на боиштето во вкрстен оган. Затоа, иако новите технологии олеснуваат одредени аспекти на војната, во асиметрична војна е многу покорисен војник кој е обучен за водење на герилско војување, борба против тероризам и собирањето на информации на теренот. Или, во современата војна која е претежно асиметрична, силите за специјални операции се далеку посоодветни отколку конвенционалните сили.

Специјалците се војници на иднината бидејќи се селектираат и се обучуваат да се борат со комбинирање на знаење и инстинкт.

Ако симетричноста е синоним за конвенционално војување, асиметричноста подразбира војување со примена на сили кои користат специјални средства и методи. Војникот на иднината ќе мора да има многу подобро познавање на средината во која се бори, да знае странски јазици, локални обичаи, психологија, да има чувство за дипломатија и преговарање. Тие ќе станат неизбежни вештини за успешно спроведување на воени операции. Друг важен аспект на асиметричноста е новата форма на политичко владеење, сосема нова политичка култура на директна демократија, каде граѓанинот стана центар на гравитација на политичките одлуки.

На општествено ниво, секој граѓанин е рецептор на стратегии и контрастратегии, а перцепциите станаа оружје, под влијание на медиумите, гласините и големиот број на дневни информации. Информациите на дневна основа се во мошне голем број, сѐ потешко е да се издвои вистината од невистината и тие почнуваат да бидат повеќе штетни отколку корисни. Бидејќи реалноста е покомплексна отколку што изгледа, потребна е промена за начинот како се размислува за асиметричноста. Без ова тешко ќе се развие вистинска одбранбена стратегија и оперативни концепти кои би победиле во претстојните непредвидливи сценарија. Асиметричната војна е конфронтација помеѓу политички, културни, социјални и организациски системи, потчинети на различни логики. Потребно е да се развијат нови начини на размислување кои земаат предвид многу повеќе аспекти од само технолошката димензија на војувањето. За војската да се справи со асиметрични закани, во иднина ќе треба подобра ментална подготовка на персоналот преку користење на филозофија, социологија, историја и други дисциплини чии принципи и апликации во суштина се нелинеарни. Овој вид на образование и обука се занемарува, а е неопходен за да се сфати современиот непријател. Во линеарен конфликт, за да се скрши одбраната на противникот, треба да се совладаат неговите единици. Во асиметричен конфликт, треба да се совлада неговиот ум. Оваа задача ќе ја извршат културните, а не физичките системи за оружје, но потребно е да се направат такви алатки.

Покрај едукација на општеството и лидерите за суштинските услови за постигнување на победата, мора да се замисли нов тип на стратегија. Треба да се прифати дека во асиметрична војна, технологијата и бирократските процеси нема да дадат одговор. Потребна е стратегија која ќе ги вмрежи сите можни аспекти на одбраната, но за да се направи тоа, прво треба откажување од традиционалните норми и од несоодветните парадигми.

Ѓорѓи Вељовски





# Пребазирање на Воздухопловната бригада

Оваа година се реализираше уште една успешна мисија на Воздухопловната бригада (вбр). Пребазирањето на дел од единиците на вбр надвор од матичниот аеродром продолжи со несмалено темпо, а во насока на обука, извежбување и подобрување на борбената готовност на АРМ. Во текот на годината, воздухопловните сили, односно дел од специјалните сили, воздухопловно-техничкиот персонал и хеликоптерите, се пребазираа во Центарот за обука на вода во Охрид,



а вториот пат подоцна и на армискиот полигон „Криволак“. Имајќи ја предвид комплексноста на структурата, воздухопловно-техничката опрема и фактот што ваква единица при АРМ функционира само на едно место, на воениот дел од аеродромот во Скопје, сепак, се изнајде храброст и решителност на Командата на вбр во координација со претпоставената Здружена оперативна команда за реализација на една ваква планирана активност. Од двете локации припадниците на вбр делуваа и ги извршуваа своите планирани вежбовни задачи.

Првото пребазирање во текот на годината се реализираше како обука во летни услови со персоналот од Четата за поддршка, како и летачка обука над водени површини за припадниците од Сквардонот за транспортни хеликоптери, двете единици при вбр. За реализација на двете обуки кои се карактеризираат со високо ниво на познавање на оперативните постапки, беа ангажирани

припадниците од двете единици за исполнување на целите и задачите на пребазирањето. За да биде исполнета мисијата во целост, неопходно беше ангажирање и пребазирање и на дел од припадниците на Скввадронот за воздухопловно-техничко одржување, без кои основните постулати на одржувањето и обезбедувањето на воздухопловно техничките средства не можеа да се реализираат. Целта на обуката во летни услови беше совладување на водените препреки со изведување борбени операции од и во водена површина. За таа операција беа изведени скокови во водена површина, како во плитки така и во длабоки површини, а воедно и спуштање со јаже од транспортните хеликоптери на вбр „Ми-8/17“ од страна на припадниците на Водот за специјални намени. Со добрата физичка кондиција, припадниците на водот успеаја да реализираат безбедно нуркање, работа со пловни средства на армијата, како и реализација на постапката за укажување помош на лица-даvеници, односно на лица на кои им е потребна прва помош. За целото тоа време, пилотите со техничкиот состав професионално придонесоа за реализација на ваквите активности. Неминовна беше соработката помеѓу трите единици од високо стручен персонал, а се отвори и поле за понатамошно усовршување и имплементација на научените лекции. Соработката на Воздухопловната бригада со домаќинот, Центарот за обука на вода во Охрид, беше на исклучително високо ниво, а во ваква констелација на односи, соработката несомнено ќе продолжи и во иднина.

Како продолжение на гореневедените активности, во месец септември се реализираше второто пребазирање на дел од единиците на Воздухопловната бригада надвор од матичниот аеродром. Обуката се реализира според годишниот план за пребазирање и обука на единиците. Овој пат на копно во малку поинакви услови од вообичаените, во Центарот за обука на „Пепелиште“ со користење на воениот полигон „Криволак“. Истите единици на вбр повторно ставени на тест за планирање и реализација на задачите без вообичаените услови на Меѓународниот аеродром во Скопје.

Подготовките започнаа навреме со одредување на високо стручен персонал  од единиците на вбр и со изработка на потребните документи за изведување на активноста. Основната цел на пребазирањето и обуката беше оспособување на припадниците од составот на Скввадронот за транспортни хеликоптери, Водот за специјални намени и дел од Скввадронот за воздухопловно-техничко одржување за мисии во летни услови од доменот

Историски гледано, во Република Македонија пребазирањето за првпат било реализирано во текот на 1999 година на спортскиот аеродром „Сушево“ во Штип. Во тие услови, кога немало борбени хеликоптери, пилотите од 201. противоклопна хеликоптерска ескадрила биле оспособени за наменски задачи во дневни услови во улога на втор пилот на транспортните хеликоптери „Ми-17“. Дел од летачкиот состав од ескадрилата се оспособиле за употреба на противпожарно ведро и дигалка на хеликоптер „Ми-17“ во матичната 301. транспортна хеликоптерска единица. Пилотите од 101. авијациска ескадрила биле оспособени за извршување на сите задачи во основна и помошна намена со авионот „ЗЛИН-242Л“



на пребарување и спасување со укажување помош на повредени лица на непристапни терени. Дел од темите кои беа обработени во текот на обуката беа спасување и извлекување на повреден, правилно користење на опремата потребна за извршување на мисиите, спуштање на спасител и вовлекување по сигурносно јаже, работа и постапки на посадата на хеликоптерот над планински и ограничени површини, ноќно и дневно летање, како и организација на живот во кампот за обуката.

Со користење на ноќен старт беше реализирано ноќно летање кое побаруваше дополнителен ангажман и енергија за употреба на хеликоптерите во вакви услови. За поздравување е воспоставувањето нова процедура за ноќно летање во Центарот за обука на Пепелиште. Пред тоа летачкиот персонал ја изврши планираната активност во дневни услови, за да целата приказна се заврши со употреба на хеликоптерите во ноќни услови со користење на дел од системите во воздух и на копно.

Вакви пребазирања и дејствување од друга позиција не е едноставна работа со оглед дека и најмалата потребна работа во случај на потреба може да биде од неопходно значење. Да не зборуваме за покрупните работи, како на пример обезбедување на гориво за воздухопловите, персонал со возилото за стартување, персонал со возилото за противпожарно обезбедување, обучен персонал за контрола на летањето со користење на врските „земја-воздух“ и обратно, а во согласност со Правилото за оперативно летање на воени воздухоплови. Но, за голем дел од персоналот, ваквиот тип на обука е редовна активност која сè почесто се изведува во реални временски услови со практично изведување на обуката. Несомнено, поддршката од Командата на вбр беше од огромно значење. Во таа насока беше реализирана и контрола од припадниците на командата за да се заврши и целата операција како што е планирана и замислена. За крај, честитки за Воздухопловната бригада и нејзините припадници кои учествуваа на споменатите активности.

Драган Павловски



# Гаѓање на подвижна цел

Во организација на Стрелечкиот клуб „Велес“, а со поддршка на Општина Велес, на стрелиштето на клубот во Велес се одржа Прв турнир во гаѓање на подвижна цел – силуета на дива свиња. На натпреварите во две дисциплини, механички и оптички нишан, учествуваа педесетина натпреварувачи од стрелечките клубови од Скопје, Кавадарци, Штип, Прилеп, Неготино, Виница, Велес и други градови

Недела е, а иако е септември сонцето безмилосно пече околу пустиот терен на стрелиштето. Затоа во непосредната близина на стрелиштето организаторите поставиле две големи бели тенди за заштита од сонце, каде се заштитиле учесниците и организаторите и шатор на АРМ каде е поставена клупа каде седи оценувачката комисија во состав: Иван Сарагинов, Кристијан Савев и Јовица Антиќ. Судиите се на теренот и со будно око го следат целиот тек на натпреварите. Инаку, логистичката поддршка организаторот ја доби од Командата за обука и доктрини при гарнизон на АРМ во Велес, на што тие им искажаа голема благодарност. Натпреварите започнаа во 10 претпладне, а привршуваат некаде околу 13,30 часот кога пукањето во подвижните цели го изведуваат последните учесници. На масата организаторите ги запишуваа резултатите кои им ги соопштуваат линиските судии од теренот.

**Пропозиции**

Се работи по команда на линиски судија, се пукаат вкупно пет куршуми во движење на целта еднаш кон десно и назад кон лево во континуитет. Се пука во две дисциплини: механички и оптички нишан. Не се пука во цел во мирување,ниту зад параванот. Погодок во мирување и во параван носи дисквалификација. При ист број поени се зема оној кој има поголема бројка и доколку тука се исти поените, подобар е оној кој има повеќе погодоци во целта. Ова важи за првото, второто и третото место. По преземање на сигурносни мерки и нашата новинарска екипа се упатува кон стрелиштето каде што се изведува стрелањето. Тука се среќаваме со Тони Ставровски, линиски судија, член на СК „Велес“, кој е активен стрелец ,а воедно и ловџија. Инаку, тој беше старешина во АРМ во велешкиот гарнизон, а сега е во пензија. „Јас, заедно со Јован Андовски, претседател на СК 'Велес' и колегата Тони Цветков, подолго време - месец и половина, се подготвувавме за денешниот турнир, прв од ваков вид во земјава, со цел да обезбедиме најдобри услови за натпреварувачите

и успешност на самиот турнир. Сега кога истиот привршува и се изведуваат последните гаѓања може да оценам дека беше реализиран на високо ниво. Инаку, денешните учесници дојдоа со претходно искуство за ракување со оружје и за гаѓање, бидејќи најголем дел од нив, околу 80 проценти се активни ловџии и тие ова го практикуваат практично на терен во планина при самото ловење на дивеч, односно на живи цели. За сите нив денешниот турнир им беше еден вид тренинг, да видат, да покажат и да потврдат колку се вешти во гаѓање на подвижни цели“, појасни Ставровски.
Ставровски нè информираше дека гаѓањето се изведува со ловен карабин. Секој учесник има пет гаѓања во целта, силуета на дива свиња која е на 85 метри оддалеченост,а која се движи 30 метри лево-десно со брзина од 20 -22 километри на час. Целта е потпишана за секој учесник, а со гаѓањето се започнува само по негова наредба како линиски судија. Потоа целта за секој учесник се носи кај оценувачката комисија која ги средува бодовите за секој учесник. Тони Ставровски на крајот на натпреварите оцени дека повеќето од натпреварувачите биле со одличен резултат. Освен него, како поранешен припадник на АРМ, сега во пензија, на натпреварите учествуваше и Драган Миров, подофицер на АРМ во велешкиот гарнизон кој, исто така, постигна солиден резултат. Учествуваше и Сафет Тајдарпашиќ од Велес, порано вработен во МО, сега во пензија. На крајот беа доделени наградите и плакетите. Првото место во дисциплината оптички нишан го освои Христијан Цветковски со 28 поени или 28 круга, втор беше Иле Андовски и трет Вељо Арсовски.
Во дисциплината механички нишан прв беше Јане Костов, втор Горан Стојковиќ и трет Дарко Миладиновиќ. Првопласираниот Јане Костов од Неготино, ловџија, кој се натпреваруваше поединечно, ни изјави дека овој турнир за него значи голем успех. „Турнирот помина одлично и е многу важен за сите натпреварувачи од стрелечките клубови и за нас ловџиите, бидејќи е добар тренинг и подготовка за други натпревари и меѓусебно дружење и разменување на искуства од оваа област“,појасни Костов.
Јован Андовски, претседател на СК „Велес“, како организатор на турнирот, потенцираше дека ова ново гаѓање ќе биде поттик и за останатите стрелечки клубови од земјава да организираат вакви и слични турнири и натпревари. Тој информираше дека овој турнир е прв од ваков вид во Р. Македонија и на пошироките простори на поранешна Југославија, освен во Хрватска каде има не ист, но нешто сличен натпревар со подвижна цел, но е на помало растојание. Затоа, сепак, велешкиот турнир засега е поразличен и единствен од ваков вид и пример за останатите стрелечки клубови во земјава и од пошироките регион. „Ние како СК ’Велес’ во изминатите десет години напорно работевме и секогаш се трудиме да внесеме новини во овој спорт во Велес и во земјава. Воедно сакавме преку спортот, во случајов стрелаштво, да се приближиме до Европа, и затоа го организиравме овој турнир во гаѓање на подвижна цел, кој е прв ваков натпревар во Македонија. Со ова сакавме и им докажавме на колегите од Европа дека и во овој спорт ние од Македонија можеме и сме подготвени да спортуваме со нив. Инаку, ваков турнир во гаѓање на подвижна цел досега немало во Македонија, а пред тоа немаше и во Југославија, и затоа овој турнир за нас како организатори беше голем предизвик. Сепак, со една добра екипа успеавме сето замислено да го реализираме“, појасни Андовски. Тој искажа голема благодарност до Општина Велес, до Министерството за одбрана и до Командата за обука и доктрини при гарнизонот на АРМ во Велес, до МВР, до ловџиите и спортските стрелечки клубови, како и до бизнис-заедницата од Велес, кој им помогнале во организирање на турнирот.
Јордан Тасевски, селектор на Македонската спортска стрелечка федерација и член на државната репрезентација во стрелаштво, оцени дека овој нов турнир поминал одлично. „Гледам дека имаше голем интерес и од спортските стрелци од клубовите во земјава и од ловното стрелаштво. Секој ваков турнир и настан е многу значаен за популаризирање на стрелаштвото и масовноста кон овој спорт. Овој турнир е и уште еден чекор напред, овој спорт – стрелаштвото, да биде на пиедесталот на спортови во Македонија како што било порано“, потенцираше селекторот Тасевски.
Организаторот најави овој турнир да прерасне во традиционален со уште повеќе учесници од земјава и од странство. Турнирот заврши со заеднички ручек - војничко гравче со сланина подготвен во мензата не Велешкиот гарнизон на АРМ, а кој за турнирот ја даде и сета неопходна логистичка поддршка, на што организаторите и јавно им искажаа благодарност.

Антоанела Димитриевска





# Ден на Баталјонот на Воената полиција

На 29 октомври во касарната „Илинден“ свечено беше одбележан 29 Октомври, Денот на Баталјонот на Воената полиција. Во своето обраќање пред присутните, командантот на ЗОК, генерал-мајор Павле Арсоски, истакна дека благодарение на професионализмот, одговорноста и ефикасноста на припадниците на единицата, се обезбедени објектите од витално значење за одбраната, високите воени раководители, странските воени делегации, како и грижата за одржување на воениот ред и дисциплина, сузбивање и расчистување на криминалитетот во одбраната и ангажман околу поддршка и справување со мигрантската криза. Командантот на Баталјонот на Воената полиција, потполковник Кире Николовски, истакна дека во изминатиот период успешно се извршени голем број задачи поврзани со мисија на единицата, како и учество на значајни вежбовни активности, учество на најголемата НАТО вежба „Saber Strike 18“ и националната вежба „Македонски блесок 14“, каде декларираната чета на единицата се здоби со сертификат за „борбено подготвена“, а пожртвуваноста, подготвеноста и знаењето придонесуваат за успешно реализирање на активностите и достојна афирмација на единицата и Армијата на Република Македонија. На свеченоста беше доделен сертификат од претстојното НИВО-2 оценување на декларираната чета и беа унапредени припадници на единицата и доделени стимулативни мерки  за успешно извршување на задачите. На крајот на свеченоста се одржа тактичко-технички збор на кој беше изложено вооружувањето и опремата со која располага единицата.






ОКТОМВРИ


MILITARY POLICE

# Амфибиско оклопно возило БММП

Руската компанија за наменска индустрија „Омсктрансмарш“, како дел од корпорацијата „Урал вагон завод“ развива нов концепт на амфибиско гасенично оклопно возило под кратенката БММП (Боевая Машина Морской Пехоты), кое е наменето за поморските десантни единици. Целта на развојот е создавање на ново амфибиско оклопно возило кое ќе поседува поголема пловна брзина и поголема боева моќ од сегашните оклопни возила кои се во употреба, БТР-80 и БТР-82АМ, со цел зајакнување на поморските десантни единици. Развојниот проект според плановите би требало да заврши до крајот на 2019 год. Првите прототипови ќе бидат подготвени за тестирање во периодот од 2020 год. до 2022 год., додека испораката на првите сериски произведени возила треба да започне во 2023 год. Според плановите амфибиското оклопно гасенично возило БММП е замислено како унифицирана основна платформа од која ќе се развијат повеќе верзии и тоа: борбено возило на пешадијата, командно возило, извидувачко возило, оклопен транспортер, самоодно артилериско возило и други. Во зависност од верзијата ќе зависи дали бројот на потпорните тркала ќе биде 5 или 6 по страна. Основниот оклоп на возилото ќе биде изработен од легура на алуминиум, со слоеви од полимери/ композити, а одредени надворешни делови и подвозјето ќе бидат заштитени со нерѓосувачки челик. Според предвидувањата на конструкторите, предниот дел од возилото треба да овозможи заштита од дејство на 30 mm гранати, доколку се дејствува од далечина до 300 m, бочните страни треба да овозможат заштита од дејство на проектили од 12,7 mm на далечина од 100 m, додека од пешадиско оружје со калибар од 7,62 mm овозможена е заштита од 360° при дејство од 100 m. Долниот дел овозможува заштита од дејство на 6 kg противтенковска мина, а доколку е активиран системот за активна заштита Арена-М, предниот дел (± 90°) е заштитен од дејството на секакви видови на противоклопни ракети и проектили. Според плановите во предниот дел ќе биде сместен командниот оддел од 3 членови (возач, командир и нишанџија), од каде ќе можат да ги извршуваат сите потребни операции. Позади нив ќе биде вградена далечински управувана борбена станица или борбена купола. Во централниот дел ќе биде вграден главниот погон (гасна турбина), а на крајот е транспортниот оддел за сместување на 10 војници или товар, кои влегуваат преку задната врата. Од бочните страни на задниот долен дел од конструкцијата ќе бидат сместени куќиштата на двата водомлазни пропелерски системи (придвижувани од гасната турбина преку редуктор и погонски вратила), наменети за движење на возилото по вода. За поевтин развој би требало да се користат компоненти од подвозјето на оклопното возило БМД-4 или Курганец-25. Според плановите системот за амортизација ќе овозможува промена на клиренсот, односно за пловење на вода потпорните тркала со гасениците ќе се повлекуваат кон шасијата, со цел намалување на отпорот, напред ќе се исфрли бранобранот, а врз предниот дел од гасениците ќе се спушти предниот штит (кој е поставен под бранобранот), додека одзади за стабилност ќе се подигне закрилце. Преодниот режим од возење во можност за пловење ќе се остварува за период од 50 секунди. Од опрема ќе се вградува најновата генерација на ноќни системи за набљудување, нишански системи, борбен контролен систем кој овозможува борбени дејства во сите временски услови, преку ден и ноќ, системи за сателитска навигација ГЛОНАСС и NAVSTAR, системи за автоматска дијагностика, радиостаниците Р-168-25У-2 и Р-168 МРА, систем за активна заштита Арена-М, информатичко-управувачки системи и друго. Во зависност од намената возилото може да биде опремено со различни борбени куполи, а најкарактеристични се „Кинжал“ и „Бахча“. „Кинжал“ е современ далечински управуван борбена модул, во кој е вграден автоматски топ од 57 mm и коаксијалниот митралез ПКТМ, со калибар од 7,62 mm, додека „Бахча“ е борбена купола во која е вграден топот/ лансер на ракети 2А70, со калибар од 100 mm, кој има коаксијален автоматски топ 2А72, со калибар од 30 mm и коаксијален митралез ПКТМ. Исто така, можно е вградување и на далечински управуваниот модул „Импулс-2“ и други.

Ивица Дамески




1. Комплексен систем за активна заштита
2. Автоматски топ со калибар од 57 mm
3. Митралез со калибар 7,65x54Р mm
4. Нишански систем за нишанџијата
5. Нишански систем/перископ на командирот
6. Антена
7. Беспосаден борбен модул „Кинжал“
8. Метеосензор
9. Седиште
10. Транспортен оддел со 10 седишта
11. Задна врата
12. Задно закрилце






13. Отвор на кровот од транспортниот оддел
14. Позиција на погонот за движење по вода
15. Мрзливец
16. Потпорно тркало
17. Гасеница
18. Погон, гасна турбина ГТД, со моќност од 1.500 кс (или 2.500 кс)
19. Торзиона осовина
20. Погонска осовина
21. Погонско тркало
22. Трансмисија
23. Возач
24. Отвори на управувачкиот оддел
25. Бранобран
26. Управувачки оддел за тричлениот екипаж

| ТАКТИЧКО- ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БММП | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 3 членови + 10 десантни војници |
| ДОЛЖИНА | 10,5 m |
| ВИСОЧИНА | 3,4 m |
| ШИРОЧИНА | 3,4 m |
| ТЕЖИНА | до 35 тони |
| ПОГОН | Гасна турбина ГТД, со моќност од 1.500 кс (или 2.500 кс) |
| БРЗИНА НА КОПНО | 75 km/h |
| ПЛОВНА БРЗИНА | 37 km/h |
| АВТОНОМИЈА НА ДВИЖЕЊЕ НА КОПНО | 300 km |
| АВТОНОМИЈА НА ДВИЖЕЊЕ НА ВОДА | 100 km |
| ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ТЕМПЕРАТУРИ | од -60°C до +50°C |



# „Бердан 2 М1870“ – „Берданка“

## Со „Берданка“ в раце за слободата на Македонија

Пушката „Берданка“ е веројатно едно од најопејаното оружје во македонскиот фолклор. „Берданката“ се споменува во многу македонски народни песни, како „Развивај горо зелена“, посветена на еден од најзначајните македонски револуционери, Гоце Делчев



Во една од народните песни „Како што е таа чаша“, мајката го испраќа својот син во револуционерна борба со пушката „Берданка“. Сличен мотив, мајката го испраќа синот во борба со пушката „Берданка“, се сретнува и во песната „Стани ми Геле, Ангеле“. Во песната „Сон сонила Орданица“ за „Берданката“ читаме како огнено оружје кон кое прво се посегнува во случај на опасност од непријателот. Во „Тргнала Тода мома за вода да оди“, „Берданката“ ја гледаме како неизбежен дел од опевањето на херојството на македонските комити. „Берданката“ се споменува и во „Крушево абер пристигна“ и „Што ми е мило и драго“, каде млади девојки ја посакуваат „Берданката“, сакајќи да станат комити и да се вбројат во редовите на македонските револуционери. Една од најчесто опеаните епизоди во македонскиот фолклор е потурчувањето



„Бердан 1“ била усвоена во 1868 година во вооружувањето на руската војска. Првите 30.000 пушки со прибор ги изработила американската фирма „Колт“ по цена од 22,85 долари. Исто така, биле набавени и 6,5 милиони куршуми по цена од 42 долари за 1.000 парчиња. На Хајрем Бердан за откуп на патентните права му биле исплатени 50.000 златни рубљи

на македонските девојки од Турците. Така во песната „Турчин ми кара“, мајката му се обраќа на својот син, со „Берданка“ и сабја да се бори против Турците за да ја спречи оваа судбина за неговата сестра. Ова е само еден мал дел од многубројните македонски народни песни, во кои често читаме за „Берданката“ како едно од најзначајните и најупотребуваните оружја во периодот на македонската револуционерна борба. „Берданката“ многупати се споменува и во некои други народни творби, како приказни и легенди, со епски елементи за херојството на македонските комити.

Историјата на најопејаната пушка во македонските народни песни, познатата „Берданка“, започнува кон крајот на шеесеттите години на 19 век во САД. Во годините по Кримската војна (1853 – 1856), големите армии на светот забележале дека пушките кои се полнат од позади се многу поефикасни од пушките кои се полнат од напред. Руската влада започнала неколку програми за модернизација на своето пешадиско оружје. Резултатите од овие програми биле измешани и четири различни пешадиски пушки влегле во служба за само две години. Барајќи соодветно оружје со кое би ја вооружила војската, Главната артилериска управа на царска Русија испратила двајца технички офицери во САД. Задачата на Александар Павлович Горлов и на Карло Иванович Гуниус била да испитаат соодветен систем на оружје и муниција кој би се усвоил за вооружување на руската царска армија. Набргу, нивното внимание го привлекол куршумот со конструкција на Хајрем Бердан, пронаоѓач и офицер на Унијата во Американската граѓанска војна. Овој американски конструктор патентирал месингени чаури, како и систем за вградување и испукување на капислите на куршумот, кој во стрелачката муниција се користи и денес. Освен муницијата, Бердан имал и неколку патенти за затворачи за пушки. Руските офицери Горлов и Гуниус во 1867 година започнуваат проби со пушката на Бердан, со блок-затворач кој се отварал нанапред, модификуван по нивни сугестии. Исто така, според нивни инструкции, првобитниот калибар 11,43мм бил намален на 10,75мм. Така настанала чаурата со должина од 58 мм со барутно полнење од 5,06 грама и со оловно зрно од 24 грама. Оваа пушка, позната подоцна како „Бердан 1“, била усвоена во 1868 година во вооружувањето на руската војска. Првите 30.000 пушки со прибор ги изработила американската фирма „Колт“ по цена од 22,85 долари. Исто така, биле набавени и 6,5 милиони куршуми по цена од 42 долари за 1.000 парчиња. На Хајрем Бердан за откуп на патентните права му биле исплатени 50.000 златни рубљи.

Хајрем Бердан во октомври 1868 година во Велика Британија го патентирал обртночепниот затворач.

По заминувањето во Велика Британија, Бердан својата конструкција, базирана врз руската пушка „Бердан 1“, но со новиот обртночепен затворач, кој се забравувал во испуст во сандакот, а за чие одбравување било потребно да се подигне рачката на затворачот за само 30 степени (кај системот Маузер и сличните, рачката на затворачите се подигнувала за 90 степени), ја понудил на фирмата „БСА“ (Birmingham Small Arms Co.). Ова оружје добило име „Бердан 2“. Фирмата БСА изработила неколку стотици од пушката „Бердан 2“ и ја нудела на државите по Европа, па така и во Русија. Наскоро во Русија заминува и самиот Бердан, рекламирајќи ја својата нова конструкција. Иако сериското производство на пушките „Бердан 1“ само што била започната, Главната артилериска управа покажала интерес и за новиот модел. Паралелните тестови, правени со пушките „Бердан 1“, „Бердан 2“ и со баварската пушка „Вердер“, ги докажале предностите на новата Берданова конструкција.

Најизразена била брзината на пукањето која достигнувала дури 28 куршуми во минута, што изнесувало 10 куршуми повеќе од стариот модел и 7 повеќе од баварската пушка. По 15 мали измени во конструкцијата, пушката „Бердан 2“ била примена во вооружувањето на царската војска. Со фирмата БСА бил потпишан договор за испорака на 30.000 пушки по цена од 3,20 фунти по пушка со бајонет. Во меѓувреме, руските фабрики во Тула, Ижевск и Сесторетск почнале подготовки за сериско производство на новата пушка. Во 1872 година започнува производството и во руските фабрики, со тоа што цевките во почетокот се набавувале од Белгија и Германија. Покрај стандардната пешадиска пушка, развиен бил и коњанички карабин, како и драгонска и козачка пушка.

До почетокот на Руско-турската војна 1877-78 година биле изработени 200.000 пешадиски пушки. Во војната, пушката добро се покажала, но наскоро станало очигледно дека едноцелните пушки ќе бидат застарени. Во борбата, Русите откриле дека нивните пушки не можат да се споредат со турските кои користеле повеќецелни „Мартини-Хенри“ пушки. Руската војска забележала дека пушките со магацин стануваат нов тренд и сакале и тие да имаат сопствено оружје. Неколку дизајнери го презеле предизвикот, од кои еден бил и Сергеј Мосин, кој развил верзија на „Бердан 2“ со магацин, но не била усвоена, и тој продолжил да работи на други пушки со магацини во текот на остатокот од деценијата. Друг обид да се реши проблемот со брзината на гаѓање било кога двајца пронаоѓачи по име Рудницки и Глински се обиделе да развијат автоматска пушка врз основа на „Бердан 2“. Тие наскоро утврдиле дека куршумот со црн барут е несоодветен за таква цел и ниту еден од нивните дизајни не бил усвоен. Потребата за какво било понатамошно експериментирање исчезнало во 1891 година со усвојувањето на пушката „Мосин-Нагант“, која имала магацин за пет куршуми. Производството на „Бердан 2“ завршило наскоро откако биле произведени над три милиони



примероци. „Бердан 2“ требало да остане во резервните единици, но како привремена мерка и стандардизирање на снабдувањето со муниција, руската армија во 1890-тите одлучила да конвертира околу 200.000 пушки „Бердан 2“ за куршумот во калибар 7,62x54мм. Ова оружје ќе биде опремено со нови цевки. Ова модифицирано оружје ќе остане во вооружувањето заедно со останатите пушки „Бердан 2“ до Првата светска војна во 1914 година.
Производството на пушката „Бердан 2“ траело до 1891 година, кога оваа пушка е заменета со брзоцелна пушка во калибар 7,62 мм „Мосин-Наган М-91“. Вкупно, во сите варијанти биле произведени нешто преку 3,5 милиони примероци.
Освен во Русија, „Бердан 2“ била дел од вооружувањето на уште неколку држави. Бугарија во периодот од 1883 до 1889 година набавила од Русија вкупно 105.000 пешадиски и 3.000 драгонски пушки, а во 1910 година на подарок добила уште околу 10.000 парчиња.
Црна Гора, исто така на подарок во 1894 година добила 30.000 пешадиски и 500 драгонски пушки со 30 милиони куршуми. Набавувани на најразлични начини, одреден број од овие пушки се нашле и во рацете на македонските револуционери.
Кога започнала Првата светска војна во 1914 година, руската војска брзо увидела дека нема доволно ниту оружје, ниту муниција. Руската индустрија едноставно не можела да држи чекор со барањата на модерната војна. За да го реши овој проблем армијата почнала да го повлекува оружјето од нејзините складирани резерви. Тука спаѓаат околу 362.400 „Бердан 2“ пушки во оригиналниот калибар. Овие пушки биле употребени од страна на руската војска заедно со пушките „Мосин-Нагант“, во војната и за време на Граѓанската војна што следела. Тоа ќе биде отстрането од руските залихи во 1922 година, кога Револуционерниот воен совет одлучил дека Црвената армија ќе усвои стандардно оружје врз основа на пушката „Мосин-Нагант“. И покрај тоа што била отстранета од служба во својата матична земја, „Бердан 2“ ќе продолжи да служи во вооружените сили на Финска. Ова се должи на фактот дека за време на Руската граѓанска војна многу од пушките „Бердан 2“ биле заробени од страна на финската Црвена гарда. Кога Финска ја освоила својата независност од Советскиот Сојуз, ова оружје се чувало во резерва. Тоа подоцна било издадено на единиците на домашната гарда за време на Зимската војна од 1939-1940 година. Дури во 1955 година пушката „Бердан 2“ била отстранета од инвентарот на финската армија, со што по повеќе од 85 години престанала нејзината воена служба. Преостанатите пушки се продавале комерцијално, како ловечко оружје и како колекционерски предмети.
На почетокот на Првата светска војна, Австроунгарската монархија во освоените погранични руски тврдини запленила голем број на пушки „Бердански“, кои ги вклучила во вооружувањето на своите заднински единици. Српската влада, која повеќе пати ѝ се обраќала на Русија за помош во вооружување, во 1890 г. добила како подарок 75.000 пушки и 18.750.000 куршуми. Со „Берданките“ бил вооружен првиот повик на народната војска, а на почетокот на 20 век и со постепеното превооружување на српската војска со брзометни пушки, „Берданките 2“ биле повлечени од вооружувањето на оперативната војска и биле предадени на третиот повик кој целосно и бил со неа вооружен. Така, во Балканските војни и Првата светска војна, „Берданката“ станала синоним за војниците од третиот повик кои во многу ситуации успешно се носеле со „манлихерките“ во рацете на бугарските и австроунгарските војници.
Пушката „Бердан 2“ имала голем број на карактеристики што ја направило одличен избор за руската армија. Првиот бил моќниот куршум во калибар 10,66 мм, кој бил еден од најмоќните во тоа време. Оружјето било исто така многу солидно и прецизно. Имало неколку значајни недостатоци. Најзначајно било тоа што била еднометка. Пушката едноставно не можела да парира со пушките со магацини за повеќе куршуми. Ова ќе биде најголемата слабост на оружјето, што на крајот ќе доведе до негова замена. Во битката пушката ја користела пешадијата која се борела во редови. Првично, тактиката диктирала дека војниците се борат во збиени редови како што било во Кримската војна, но оваа тактика брзо се променила за време на Руско-турската војна кога војниците се бореле во повеќе дисперзирани редови. По испукувањето, корисникот ја подигнувал рачката на затворачот, а потоа ја повлекувал station наназад за да ја исфрли празната чаура. Во овој момент требало да се постави нов куршум во сандакот. Затворачот потоа се туркал напред и се забравувал со туркање на рачката на затворачот надолу од само 30 степени. Со ова оружјето било подготвено за стрелба.
„Бердан 2“ била еднометна пушка, првенствено користена од страна на руската армија од 1870 до 1895 година. Со усвојувањето на пушката „Бердан 2“ во 1870 година, Русија била една од ретките земји во светот која употребувала метални куршуми со калибар 10,75x58мм за своите стандардни пешадиски пушки. Така, пушката „Бердан 2“ ѝ дала на Русија предност во технологијата за огнено оружје, но само за многу кратко време. Русите биле импресионирани од едноставноста и издржливоста на пушката, особини што Русите ги бараат за оружјето до ден-денес. Така, „Берданката“, после пушките „Мосин Нагант“ и „АК-47“, останува една од неколкуте значајни руски пушки.

Александар Стојчевски






# „MOWAG PIRANHA“

## Швајцарски нож на тркала

Ова исключително разновидно и модуларно возило беше произведено од 1972 година во четири деривати, 4×4, 6×6, 8×8, па дури и 10×10, сите со исто тело и опремени, така овозможувајќи широко приспособување за секој клиент, од моторот до главното вооружување, како и евтино одржување и реконверзија. Тоа навистина е претворено во возило за противвоздушна одбрана, санитетско возило, противтенковско возило, ОТ, товарно возило, командно и контролно возило или возило за електронско војување, возило за огнена поддршка, внатрешна безбедност, носач на минофрлачи, за извлекување и извидување, меѓу другото. Не е невообичаено купувачот да го купи возилото во една конфигурација, потоа да нарача комплети за конверзии и постепено да ги претвора застарените возила за други работи по ниска цена. „Mowag Piranha“ (мала и опасна риба од познатата река Амазон - Characidae) е извезен во 21 земја, а исто така во голема мера е изграден под лиценца, бидејќи денес се проценува дека повеќе од 12.000 возила базирани на „Piranha“ се во служба низ целиот свет. Најпознатиот од сите нив, варијантата 8×8 е далеку најпознат и најчест. Тоа е можеби и најпроизведуваниот 8×8 APC во западниот свет, со повеќе од 7.500 возила од оваа верзија. Тој

> Оклопните возила на фамилијата MOWAG од 1972 година имаат извонреден успех на полето на извоз, потсетувајќи на „швајцарските пикменски платенички компании“ кои талкаа на боиштата во Европа во текот на ренесансните војни. Оклопните возила „Piranha“ се амфибиски повеќенаменски оклопни борбени возила, кои се одликуваат со голема мобилност и брзина, добра оклопна заштита и голема сигурност

беше влијателен модел по какви било стандарди кој предизвика десетици лиценцирани верзии, исто така инспирирајќи многу видови, дури на пет континенти. Ова го вклучува концептот на IFV и уништувачи на тенкови на тркала кои се популарни денес во многу армии, бидејќи тие можат да ги заменат скапите МБТ во конфликти со низок интензитет и асиметричните војни. Компанијата „MOWAG“ (Motor-wagenfabrik AG) е основана во 1950 година во Кројцлинген како компанија за автомобили, во приватна сопственост на инженерот Волтер Руф. Наскоро беше позната по своите специјализирани 4×4 камиони, а веќе се здоби со договор за швајцарската и германската армија со Mowag T1 4×4 во 1953 година. Но, со текот на времето, опсегот брзо се прошири, компанијата почна да произведува и амбулантни возила, противпожарни возила, електрични возила, скутери и друго. Брзо станува главен снабдувач на оклопни возила за швајцарската армија и го достигна својот успех во 1972 година, откривајќи ја „Piranha“, која стана моментален извозен успех. Две илјади и повеќе деривати сега се лиценцирани верзии, како канадскиот „Coyote“ и американскиот „Stryker“. Оклопните возила „Piranha“ се амфибиски повеќенаменски оклопни борбени возила, кои се одликуваат со голема мобилност и брзина, добра оклопна заштита и голема сигурност. Првиот прототип е произведен во 1972 година. Истата година започнува и сериското производство на верзијата 4x4, 6x6 и 8x8. Докажаната практична употребливост на овие возила придонесе до понатамошен развој и усовршување според веќе докажаниот концепт од кој произлегува втората генерација на „Piranha“ означена како



„Piranha 2". Сериското производство и употребата на оваа верзија започнува во текот на 1979 година. Докажаните можности на возилото „Piranha 2" предизвикуваат голем интерес и желба за лиценцирано производство во неколку држави како што се Канада (General Motors Defence), Велика Британија (Alvis Vehicles) и Чиле (FAMAE). Веќе во 1996 година претставена е верзијата „Piranha III" во конфигурација на тркала 6x6, 8x8 и 10x10, која за разлика од претходната верзија има значајни подобрувања, но истовремено задржувајќи го докажаниот концепт на повеќенаменски дизајн и модуларност на концепцијата. Верзијата MOWAG „Piranha III" досега има солиден успех на пазарот со продадени над 3.500 возила, а на воениот пазар сè уште има голем интерес. Денес корисници на фамилијата повеќенаменски оклопни возила „Piranha" се повеќе од 21 армија, повеќе од нив членки на НАТО (САД, Данска, Шпанија и други). Дел од овие држави-корисници создадоа и сопствени борбени возила базирани на „Piranha" кои се опремени и prisposobeni според нивните потреби, како на пример LAV -25, Stryker, САД, Гризли и LAV III Канада, ASLAV Австралија и други.

Оклопното возило „Piranha III" во споредба со постарите верзии е базирано на нова лесна оклопна каросерија, дизајнирана со варијабилна и зголемена балистичка заштита, воедно со поголеми перформанси во однос на корисната тежина/тежина на возилото и е со зголемен внатрешен волумен. Како дополнителен модуларен оклоп за возилото се користат композитни плочи, кои за брзо време можат да се постават или да се извадат (замена по потреба), вклучувајќи и оклоп за заштита од мини. Оклопот за заштита од мини се поставува на долниот дел од возилото и може да биде сигурна заштита од мини со тежина до 8 кг. Севкупниот оклоп поставен на предниот дел од возилото овозможува ефикасна заштита од директна стрелба на автоматски топ со калибар од 30 мм. Инаку, оклопот овозможува 360 степени оклопна заштита од дејство на лесни пешадиски оружја, тежок митралез од 12,7 мм и 14,5 мм, како и заштита од шрапнели од артилериски гранати. Возилото е опремено и со лансер на чадни гранати (6 или 8) со калибар од 76 мм. Според градбата на возилото, во неговиот преден дел сместен е возачот, а десно од него е вграден моторот. Зад позицијата на возачот се наоѓа позицијата на командирот на возилото. Централниот дел од возилото е резервиран за борбената купола, а во задниот дел е транспортниот простор за сместување на војниците. Возилото има екипаж од 2 члена, а во задниот транспортен простор од најбараната варијанта 8x8 можат да се превезуваат 12 војници. На задниот дел на возилото е поставена рампа/врата која овозможува брз влез и излез на војниците од возилото и брзо товарење/истоварување на различен материјал. Од страна на задниот дел на возилото се вградени 2 пропелери кои служат за придвижување на возилото во вода, овозможувајќи му да постигне брзина од 10 км/час. За возилото е развиена и амфибиска кит-опрема која се поставува при тешки временски услови, при изведување оперативни дејства на немирни морски води. Од останата опрема на возилото е вградена клима уред, НХБ-заштитна опрема (како комплетен систем или сет од колективни заштитни мерки), уред за автоматско гасење на пожар, комуникациски уреди, а со пасивни уреди за ноќно гледање се опремени возачот, командирот на возилото и нишанџијата.

Возилото „Piranha III" е опремено со хидропневматски систем, во чиј склоп се наоѓа и систем за приспособување на висината, централен систем за регулирање на притисокот во гумите и ABS-сопирачки систем. Кај возилата управливи се двата пара предни тркала. Инаку возилото користи два типа на пневматици 12.00R20 и 365/80R20. На металните бандажи се вградени „ran flat" вметнувачи, кои овозможуваат движење на возилото, кога гумите се издишани, односно онеспособени.

Приспособливиот дизајн на возилото овозможува избор на адекватен погон според потребите на корисникот, со цел овозможување високи перформанси и голема подвижност на возилото по



секаков терен. Практично како опција се нудат следните типови на мотори:

– Detroit Disel VG53TA на САД, со моќност од 350 КС (при 2800 вртежи во минута), во комбинација со автоматски менувач на брзина Allison MD 3560P;
– британскиот Cummins 6CTAA8.3-T350, со моќност од 350 КС (при 2200 вртежи во минута), во комбинација со автоматски менувач на брзина Allison MD 3066P;
– Caterpillar 3126 на САД со моќност од 350 КС (при 2500 вртежи во минута), во комбинација со автоматски менувач на брзина Allison MD 3066P;
– MTU6V183TE22 германскиот дизел-мотор, со моќност од 400 КС (при 2300 вртежи во минута), во комбинација со автоматски менувач на брзина ZF Ecomat 6hp 600 и
– шведскиот Scania DSJ9 – 48 A, со моќност од 350 КС (при 2500 вртежи во минута), со моќност од 400 КС (при 2300 вртежи во минута), во комбинација со автоматски менувач на брзина ZF Ecomat 6hp 600.

Оклопните возила поседуваат благородна конструкција со релативно голема пространост, која е лесно приспособлива за опремување со најразлични борбени средства и борбени куполи. Од борбените куполи возилата може да бидат опремени со борбени куполи без човечки екипаж, отворена борбена купола со екипаж и затворена борбена купола со екипаж, како и затворена борбена купола со простор за еден или за двајца членови. Практично, досега, оклопните возила се опремени со најразлични видови на оружје: пушкомитралези и митралези со калибар 7,62 мм, тешки митралези со калибар 12,7 мм, автоматски фрлачи на гранати со калибар од 40 мм, автоматски топови со калибар од 20 мм, 25 мм и 30 мм, со повеќецевни лансери на ракети, со минофрлач со калибар 60 мм, 81 мм и 120 мм, со наведувани противоклопни ракети HOT и TOW и со противавионски ракети со мал дострел. Верзијата 8x8 во голема мера е камен-темелникот на продажбата на овие возила, главно во Европа, но исто така и на Блиските Исток (ОАЕ, Катар, Оман), Африка (Либерија, Гана и Боцвана), на Пацификот (Австралија и Нов Зеланд) и мора да се спомене и Америка (САД, Канада, Чиле и Бразил). Се разбира Австралија, САД и Канада со „LAV“ и „Stryker“ тешко може да се сметаат како извоз, бидејќи се изградени локално на соодветни спецификации, но основниот дизајн и многу патенти поврзани со него се извори на швајцарската компанија „Mowag“. Истото може да се каже и за јапонскиот „Type 96“ изграден од „Komatsu“. Оклопното возило „Piranha“ ги инспирираше и италијанската „Freccia/Centauro“ и германско-холандскиот „Boxer“. Исто така, беше достапен и за многу производители со помалку интензивни технолошки знаења од оние кои се потребни за изработка на возило од третата генерација, основни борбени тенкови кои развиваат слични возила: Малезија со „DEF-Tech AV8“, турските „Otokar Arma“ и „FNSS Pars“, австрискиот „Pandur“, српскиот „Lazar“, финската „Patria Pasi“, полскиот „KTO Rosomak“, и „Al Fahd“ од Саудиска Арабија.



Оператори на овие оклопни возила, како и возила кои се произведени врз база на „Mowag Piranha “ се: Австралија: 257 ASLAV (I), лиценциран, Белгија: 242 IIIC во 7 верзии, Боцвана:45 IIIC, Бразил: 30 IIIC за маринскиот корпус, Канада: 491 AVGP (I) и 199 Bison (II) лиценца, Чиле: 125 Piranha I, лиценца изградена од Cardoen & FAMAE, Данска: 18 IIIH, 115 IIIC со Lemur 12,7 OHW, ЕАУ: 1249 (II) за Националната гарда на Саудиска Арабија, Гана: 63 (I), Ирска: 80 (IIIH), Либерија: 10 (I), Оман: 174 (II) во 7 верзии, Монако: 2 (V) за „Carabiniers Monégasques“ (чувари), Романија: 33 IIIC, Шпанија: 39 IIIC, Шведска: 33 IIIC, Швајцарија: 100 (I) TOW и 500 (II) APC93.

Во 2001 година произведен е првиот прототип на „Piranha IV“, додека во 2007 година и „Piranha V“.

Со производството на возилата „Piranha“ компанијата GDELS, во која е вклучена и швајцарската „Mowag“, се искачи на светскиот врв на производители на борбени возила. Според експертите од оваа област, загарантирана е иднината на овие возила во наредните 30-40 години, а за нивната популарност сведочи и сè поголемата заинтересираност на голем број земји кои со нив сакаат да ги опремаат своите вооружени сили.

Идриз Идризоски

| СПЕЦИФИКАЦИИТЕ НА ВЕРЗИЈАТА 8X8 | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 6,25 -7,45 метри; |
| ШИРОЧИНА | 2,5-2,6 метри; |
| ВИСИНА | 1,8-1,9 метри |
| ТЕЖИНА | 9,3-13 тони (battle ready); |
| ПОСАДА | 3+5 војници (стандардна APC конфигурација); |
| ОКЛОП | 8 to 20 mm in standard; |
| ВООРУЖУВАЊЕ | 12.7 mm HMG turret, apex mount, grenade launcher, TOW; |
| МОТОР | VARIABLE. IN STANDARD DIESEL 275 HP, ALLISON MT-653 TRANSMISSION; |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 780 km; |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 100 km/h (62 mph). |
| БРЗИНА НА ПЛОВЕЊЕ | 8km/h до 10km/h. |




# „EUROCOPTER“ / „AIRBUS“ „EC120“ И „EC130“

Компанијата „Eurocopter Group“ била формирана во 1992 година, а води потекло од познатите „Blériot“ и „Lioré et Olivier“ во Франција и „Messerschmitt“ и „Focke-Wulf“ во Германија. Наследник на „Eurocopter“ е „Airbus“ (во делот за хеликоптерите е „Airbus Helicopters“, кој во суштина е хеликоптерскиот оддел на „Airbus“). Била преименувана во „Airbus“ на 2 јануари 2014 година и е најголема во однос на приходите и испораките на хеликоптери со турбини. Седиштето се наоѓа во Франција во близина на Марсеј

Главните капацитети на „Airbus Helicopters“ се наоѓаат во Франција и во Германија, со дополнителни производствени погони во Бразил, во Австралија, во Шпанија и во САД. „Airbus“ хеликоптерите и неговите претходни компании имаат воспоставено производство на широк спектар хеликоптери со поинакви карактеристики, како на пример: прв хеликоптер со погон на турбо шуплини („Aérospatiale Alouette II“ од 1955 година); воведувањето на „Fenestron“, односно покриен опашен ротор (на „Gazelle“ од 1968 година); прв хеликоптер сертифициран за целосен лет во услови на замрзнување („AS332 Super Puma“, во 1984 година); прв хеликоптер со контролен систем „Fly-by-wire“ (NHIndustries NH90, во 2003 година); прв хеликоптер кој употребил систем за примарна контрола со летање по светло („EC135“, во 2003 година) и прво слетување на хеликоптер на планината Еверест (постигнат од „AS350 B3“ во 2005 година).

Компанијата се стреми да обезбеди најефикасни хеликоптерски решенија за своите клиенти кои служат, штитат, спасуваат животи и безбедно ги носат патниците на бараните дестинации. Нејзините хеликоптери се во служба во повеќе од 150 земји низ целиот свет, додека воените верзии се докажани во најсложените услови на фронтот во повеќе од 160 вооружени сили ширум светот. Безбедноста е суштината на сите активности на „Airbus“. Од дизајн, инженеринг и производство, до одржување, обука и партнерства, компанијата е фокусирана на исполнување и надминување на безбедносните стандарди.

Во текот на 2011 година компанијата испорачала над 500 хеликоптери, генерирајќи промет од 5,4 милијарди евра. За прв пат прометот на производителот ја надминал емисијата од 5 милијарди евра. Нарачките, исто така, се зголемиле од 346 во текот на 2010 година на 457, со најзначајни нарачки од семејството „EC130“ и „EC145“.

## „EC 120“

„EC120 Colibri“ (сега „Airbus Helicopters“, односно „H120“) е хеликоптер со еден мотор и пет седишта, заеднички дизајниран и развиен од „Eurocopter“, од кинеската национална компанија „China National Aero-Technology Import & Export Corporation“ и од компанијата „Singapore Technologies Aerospace“. Тој е комплетиран од „Eurocopter“ во Франција и во Австралија.

Потеклото е на предлог на францускиот производител на хеликоптери „Aérospatiale“, кој требало да ги замени нивните „Aérospatiale Gazelle“ и „Aérospatiale SA 315B Lama“ хеликоптерите. Во текот на осумдесеттите години, „Aérospatiale“ побарал меѓународни партнери за производство на „P120“, вклучувајќи ги и воздушните компании во Кина и во Сингапур. Како последица на острите мерки на кинеската влада на протестите на плоштадот „Тјенанмен“ во 1989 година, било исклучено кинеското учество во проектот. Подоцна, на 20 октомври 1992 година, договорот за развој на новиот хеликоптер сепак бил потпишан од споменатите три главни партнери на проектот (со различен удел по проценти





61%, 24% и 15% соодветно). Хеликоптерот има широка, ергономска кабина со високи нивоа на надворешна видливост. Може да прими еден пилот со четворица патници во типична патничка конфигурација. Дизајнот на кабината е погоден за широк спектар на мисии, обука, спроведување на законот, евакуација на жртви и слично. За да се олеснат операциите на карго, подот на кабината е рамен и непречен. Алтернативно, може да се вгради инсталација за носење товар до 700 килограми. Конструкцијата на роторите е делумно заслужна за придонесот на бучавата, која е 6,7 децибели под границите на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ИКАО). Според компанијата, EC120 интегрира високо ниво напредна технологија за полесно и побезбедно летање со примарна табла за инструменти и мултифункционален дисплеј на моторот кој овозможува контрола и следење на разните параметри. Широката палета на дополнителна опрема која може да се монтира е: филтер за песок, скии, систем за товар, камери, надворешни рефлектори, луксузен ентериер со кожен тапацир, канцелариски простор и телекомуникациски објекти. Од компанијата тврдат дека „EC120“ поседува најниски оперативни трошоци во својата класа. Во јануари 2008 година, француското Министерство за одбрана го избрало „EC120“ како нов тренинг-хеликоптер за француската армија за да го замени дотогашниот хеликоптер „Aérospatiale Gazelle“.

На 30 ноември 2017 година, „Airbus Helicopters“ официјално го објавил крајот на програмата „H120“, наведувајќи ја малата побарувачка за хеликоптерот.

## „EC 130“

„Eurocopter EC130“ (сега „Airbus Helicopters“, односно H130), бил развиен од претходниот „Eurocopter AS350 Écureuil“. Како главна промена било усвојувањето на Fenestron-ротор наместо конвенционален опашен ротор. Тој е заштитен опашен ротор на хеликоптер кој работи како канализиран вентилатор и го заменува традиционалниот опашен ротор, со намалување на бучавата за 50 проценти. Терминот „Fenestron“ е заштитен знак, лансиран и произведен од страна на мултинационалниот конзорциум за производство на хеликоптери „Airbus“, односно поранешниот „Eurocopter“.

Во текот на 1980-тите години имало значителен интерес кај францускиот воздушен производител „Aerospatiale“ за понатамошно развивање на нивниот успешен „AS350 B3 Écureuil Rotorcraft“, кој првично бил развиен во раните 1970-ти години. Во текот на 1990-тите години, развојот продолжил под „Eurocopter“, а компанијата „Aerospatiale“ се споила во мултинационалната организација „Eurocopter“. На 24 јуни 1999 година, прототипот „EC130“ го извршил својот прв лет.

„EC130“ бил дизајниран во тесна соработка со одредени туроператори. Поголемиот дел од нарачките доаѓаат од воздушните туроператори: „Maverick Helicopters“, „Papillon Helicopters“ и „Blue Hawaiian Helicopters“. Последниот побарувал хеликоптерот да има пространа кабина за сместување до седум туристи и да обезбедува одлична надворешна видливост. Во 2001 година, „EC130“ влегол во служба на „Blue Hawaiian Helicopters“ и се користел за воздушни обиколки на сценските области како што се Хаваите и Големиот Кањон, пред сè за комерцијални цели.

Компанијата за „EC130“ ќе истакне дека ја има најголемата кабина на едномоторен хеликоптер во својата класа, односно 54 проценти поголем непречен простор и 143 проценти повеќе простор за багаж од конкурентниот „Bell 407“. Моделот „EC130 T2“ е опремен со активни системи за контрола на вибрациите, адаптирани од „Eurocopter EC225 Super Puma“. Според нивните статистики, до мај 2008 година, „EC130“ го престигнал хеликоптерот „Bell 206“ како најпродаван производ од оваа класа на пазарот.

Драган Павловски





# Парламентарен надзор над вооружените сили во СР Германија

Парламентарниот комесар за Вооружените сили на СР Германија, пред сè треба да ги заштити основните права и да му помогне на Бундестагот во спроведувањето парламентарен надзор над Вооружените сили, задача што е зацртана со германскиот Устав. Точните задачи и овластувања на комесарот се утврдени со посебен закон и комесарот поднесува годишен извештај за својата работа. Комесарот ги истражува инцидентите во рамките на Бундесверот кои предизвикуваат сомневање дека, на пример, човековото достоинство, слобода на мислење или правната заштита на службениот персонал биле незаконски ограничени. Вниманието на комесарот може да го привлечат специјални инциденти кои доведуваат до истраги за време на посети на воени единици и преку извештаи за печатот, информации од членовите на Бундестагот или претставки од службениот персонал. Комесарот има уште една важна функција – тој е народен правобранител на Вооружените сили и на тој начин

> За една современа демократска држава од особена важност е да постои парламентарен надзор над вооружените сили. Во СР Германија ова се остварува преку посебно назначен парламентарен комесар на Вооружените сили, кој го избираат членовите на Бундестагот (Сојузниот парламент) со тајно гласање за петгодишен мандат

може да биде контактиран директно и без официјални канали од секој член на Вооружените сили, како за лични прашања така и за службени прашања. Претставките од припадниците можат да го опфатат целиот спектар на секојдневни воени рутини, вклучувајќи ги и официјалните, социјалните и личните проблеми. Претставките не треба да ги поднесуваат само службените лица. Пријателите, избраните портпароли и членовите на семејството, исто така, можат да контактираат со комесарот во име на припадник на вооружените сили. Потоа војникот на кого се однесува прашањето е замолен да даде согласност пред комесарот да преземе дејство. Со цел извршување на своите уставни задачи, парламентарниот комесар за Вооружени сили има овластување да побара да му бидат доставени одредени информации, како и да дава свои предлози за разрешување на одредена неправилност. Тој има право да ги разгледа прашањата што се однесуваат на Сојузното министерство за одбрана, сите негови подредени агенции и целиот персонал. Тој, исто така, има право на административна помош. Судовите и административните власти на државата и општините се должни да го поддржат комесарот во спроведувањето на потребните истраги. Комесарот има право да се потпре на различни извори на информации во својата работа, да бара информации и пристап до записи





> Комесарот не е ниту член на Бундестагот, ниту државен службеник – тој има посебна позиција и има задача да му помогне на Бундестагот во спроведувањето парламентарен надзор над Вооружените сили. Актуелен парламентарен комесар за Вооружените сили на германскиот Бундестаг е д-р Ханс-Петер Бартелс

од сојузниот министер за одбрана и сите подредени агенции. Комесарот може да спроведе сослушувања на лицата кои поднеле претставки, како и сведоци и, во секое време и без претходна најава, да ги посети сите единици, седиште или административни агенции на Бундесверот. Тој може да побара извештаи за извршување на дисциплински овластувања во Бундесверот и да присуствува на кривична или дисциплинска постапка пред суд. Доколку комесарот утврди дека има недостатоци или неправилно однесување, тој може да побара одговорните органи да преземат мерки за спречување на повторување на констатираната неправилност. Тој може да предложи до надлежниот орган да бидат иницирани кривична и дисциплинска постапка. Предлозите на комесарот не се упатства или наредби, но неговото влијание не треба да се потценува. Искуството покажа дека со самото постоење на независен комесар тој може да се обрати на кој било член на Вооружените сили и има позитивен ефект врз лидерското однесување.
Парламентарниот комесар за вооружените сили има големи права кои му дозволуваат да ги извршува своите должности кои се утврдени во Законот за парламентарниот комесар за ВС. На пример, Министерството за одбрана, министерот и агенциите кои му се подредени, се должни на барање на комесарот да му обезбедат информации и да му дадат пристап до евиденцијата. Ова му овозможува на парламентарниот комесар да побара од агенциите на Бундесверот да испитува инциденти и прашања што тој решил да ги испита, да коментира за нив и да обезбеди за него важни документи. Парламентарниот комесар е во состојба да слушне претставки, како и сведоци и експерти за поднесоците кои се се разгледуваат. Има право да бара извештаи при извршување на дисциплинска постапка во Вооружените сили и да присуствува на криминална или дисциплинска постапка во судовите. Судовите и административните органи на државата и општините се должни да му дадат на парламентарниот комесар административна помош.
Парламентарниот комесар има право ненајавен да ги посети војниците во секое време, што претставува централен инструмент во парламентарниот надзор над Вооружените сили.
Работата на парламентарниот комесар за Вооружените сили, неговиот посебен статус, неговите права и должности имаат влијание врз однесувањето на раководството и војниците. Најмалку поради оваа причина, невозможно е да се замисли воениот живот во Германија без канцеларијата на парламентарниот комесар за Вооружени сили.
Парламентарниот комесар за вооружените сили секојдневно добива бројни поднесоци од војниците - околу 4.000 годишно. Секој поединец кој доставил претставка е внимателно испитуван од парламентарниот комесар и неговиот персонал. Овие вработени, исто така, го поддржуваат парламентарниот комесар за време на неговите редовни посети на Вооружените сили на Германија и во странство. Секоја посета мора да биде внимателно подготвена и следена.
Ова е од суштинско значење за да може парламентарниот комесар да добие реален впечаток од реалните услови во Бундесверот и за да преземе насочени акции за помош и услуга на персоналот. Освен тоа, неговите состаноци со членовите на Бундестагот и политичките и воените лидери на Бундесверот претставуваат уште една ефикасна алатка преку којашто ја врши неговата парламентарна надзорна улога. Состаноците на Комитетот за одбрана и дебатите на Бундесверот во пленарната седница на Бундестагот, на пример, при доделување на мандати за мисии во странство, се нотирани во неговиот дневник. Покрај тоа, тој одржува блиски контакти со воените здруженија кои, исто така, претставуваат службен персонал. Медиумските вести и судските одлуки во врска со Бундесверот исто така се зацртани во секојдневната работа на парламентарниот комесар. Парламентарниот комесар за вооружените сили доставува информации за неговата работа до Парламентот и до јавноста преку своите годишни извештаи. Овие извештаи се јасни показатели за посветеноста на неговата должност како чувар на основните права и интереси на персоналот.

Виолета Куновска




# ЕКСТРЕМИЗМОТ ВО СЛОБОДНА ЕВРОПА

Слободното движење на луѓе, стоки и услуги е од фундаментално значење за политичкиот систем на Европската унија. Но, неодамна земјите од ЕУ беа преплавени со мигранти од Африка и од Блискиот Исток. Тие, или бараат подобри економски можности или се обидуваат да избегат од војните во регионите од каде што доаѓаат. Овој вид на миграција честопати е спротивен на желбите на земјите-членки на ЕУ. Дури и кога тоа и е во согласност со политиките за хуманитарна миграција, постои потенцијална опасност истата да продуцира екстремизам и радикализам, што во некои случаи се манифестира преку терористички акти. Поголемиот дел од овие мигранти припаѓаат на муслиманската заедница. Повеќето од нив не успеват да се интегрираат во културите и заедниците на земјите-домаќини, при што предизвикуваат чувство

Професорот и филозоф Тарик Рамадан, во студијата за муслиманската миграција во ЕУ, открива дека зголемениот број муслимани со екстремистички филозофии во Европа, особено во Франција, создава потешкотии на многу полиња. Тој тврди дека повеќето од овие муслимани не се интегрирани во европското општество. Исто така, вели дека само со борбата против екстремизмот и радикализмот, исламот може да послужи како инструмент за креирање хармонија и култура во Европа





на загриженост кај домицилното население. Воедно, во обидот да ја задржат својата религија, традиции и навики, овие муслимански имигранти ја зголемуваат социјалната поделба и им штетат на напорите за интеграција.
Неспособноста, односно неможноста имигрантското население да се интегрира во една заедница на обични граѓани со демократски и плуралистички поредок во земјите на ЕУ може да ја оштети културната одржливост на овие земји. Радикализмот, пак, кај некои муслимански имигранти честопати се поврзува со криминални дела, што дополнително ја загрозува европската безбедност. Затоа, иако земјите на ЕУ постојано се обидуваат да ги координираат фокусираните социјални политики за спречување и борба против насилниот екстремизам, истиот и понатаму останува проблем и повод за загриженост во однос на националната безбедност. Но, и покрај обидите за интеграција, земјите од ЕУ и нивните партнери кои не се членки на ЕУ треба сè повеќе да се фокусираат на борбата против ИСИС во социјалните медиуми и на интернет. Имено, поддржувачите на ИСИС испраќаат пораки низ целиот свет преку „Твитер“ и другите социјални мрежи за да развијат стратегии и платформи. А, пред неколку години, ИСИС креираше и онлајн-џихадистичка платформа со која ги охрабрува/поттикнува поддржувачите да се приклучат на неговите терористички сили, не само во Сирија туку и во европските земји.




**Прашање број 1: Кој е конкретниот чекор што ЕУ треба да го преземе за да се справи со приливот на имигранти и да ги спречи да се свртат кон насилен екстремизам?**
Она што е направено е тоа што ЕУ земјите се согласни да ги ревидираат и да ги зајакнат критериумите за барателите на азил етаблирани во Даблин 1997 година, како и да ги разгледаат и да ги изменат политиките за мигранти. Некои европски држави покажуваат доза на скептицизам во однос на преземање на нивната обврска како ЕУ земји да прифатат дел од бегалците од сириските војни. Сепак, ЕУ мора да дејствува пред безбедносната ситуација да ескалира. А, за да им се помогне на бегалците, земјите од ЕУ мора да се фокусираат на обезбедување засолниште, образование, интеграција и социјализација, како и на социоекономска помош и да ги запознаат мигрантите со европската култура.

**Прашање број 2: Дали во Европа исламот се идентификува со екстремизам и тероризам?**
Повеќето ЕУ-земји не го прејудицираат религиозниот елемент. Но, тие мора заедно да се борат против екстремизмот. Зошто? Па, при неодамнешните терористички дејства муслиманските екстремисти употребија верски симболи со негативна конотација против Западот и демократските вредности на Европа.
Сепак, во Европа постои голема муслиманска заедница која претставува значаен економски, културен и социјален столб. Екстремистите со патолошка омраза кон западните вредности немаат никаква врска со вистинскиот ислам, бидејќи вистинскиот ислам негува мир и хармонија во семејството и во општеството. Во овој контекст, религијата треба да послужи како инструмент за креирање на единство помеѓу луѓето со различни традиции и навики. Таа треба да поттикне разбирање, интеграција и хармонизација, а не поделба, неединство и омраза.
Овие карактеристики на исламот го зголемуваат значењето на религијата во проблематичниот меѓународен систем опкружен со стереотипи. Затоа, да не заборавиме дека муслиманските и христијанските верници живееле заедно и во мир на Запад, а ќе продолжат и понатаму. Една цврста и силна Европа ги поддржува демократските процеси и либерализмот, а заедничката борба денес е спречување на радикализмот и борбата против насилниот екстремизам и тероризам со сите расположиви средства.
Во овој контекст, поранешниот претседател на Европската комисија, Романо Проди, вели: „ЕУ треба да преземе нови одговорности. А, овие нови одговорности бараат интензивирање на процесот на интеграција. Затоа ние треба да го кренеме нашиот глас и да работиме за иднината на Европа“. Само преку процесот на соработка и координација демократската ЕУ може да се справи со насилниот екстремизам и тероризам во Европа и пошироко.

м-р Билјана Поповска
*(адаптирано од per Concordiam, Journal of European defense and security issues, Volume 8, issue 4,2018, by Fahredin Verbovci, Kosovo Police)*



# Историја на конфликтите во **Авганистан**

После период од околу четириесет години на автономна британска колонија, Авганистан станува независна територија во периодот после Првата светска војна (1914-1918), или поточно во 1919 година

Во Авганистан живеат различни етнички заедници и религии. Доминатна етничко-религиозна заедница е етничко-религиозната заедница Паштуни. Паштуните преставуваат околу 42 проценти од популацијата во Авганистан. Тие припаѓаат на сунитските муслимани кои зборуваат пашто дијалект. Паштуните се основачи на авганистанската монархија и се најинфлуентна етничка заедница, пред сѐ на политички план повеќе столетија. Паштуните најмногу живеат во југоисточниот и во западниот дел на Авганистан, близу границата со Пакистан. Паштуните во Авганистан и надвор од својата земја во историјата се познати како храбри и добри борци и лојални луѓе на својата држава. Покрај Паштуните во Авганистан живеат и други етнички заедници како: - Таџи втора по бројност етничка заедница во Авганистан. Тие се централно-азијатски народ кои се претежно суни муслимани кои зборуваат дари или староперсиски јазик. Главно





На 27 декември 1979 година, советските војници ја нападнаа претседателската палата и го убија Амин, а потоа го поставија советскиот пријател Бабрак Кармал на претседателската функција, што беше иницирачки момент за претстојната војна која следеше

живеат близу границата со Таџикистан и западниот дел на Авганистан. Претставуваат околу 30 проценти од вкупната популација.  Хазара преставува трета етничка заедница по бројност во Авганистан која преставува околу 10 проценти од вкупната популација. Живеат во централниот дел на Авганистан, а религиозно припаѓаат на групата Шиити муслимани. Останати етнички заедници кои живеат во Авганистан, а се со значително помала бројност од првите три за кои веќе говоревме се: Узбеците, Туркмените, Нуристани и Балохи. Советскиот Сојуз беше многу важен актер во авганистанската политика од 1950-1965 година. После овој историски период Авганистан се најде  помеѓу Советскиот Сојуз и американско-азиските сојузници. Првично Кабул се обиде да не се вклучи во динамиката на Студената војна и на тој начин го следеше принципот на неврзаност. Меѓутоа, со приближувањето на односите на Пакистан со САД, Авганистан се сврте кон Москва за воена помош. Како реакција на ова западните сојузници  во текот на 1973 година преку поголеми групи на исламски студенти иницираат државен удар. Во 1975 година студентското движење формира „Исламско друштво на Авганистан“ и предизвикува внатрешен бунт во Авганистан. Бунтот не успева бидејќи е потиснат од населението и авганистанската војска, така што водачот на студентското движење Гулбудин Хекматијар се повлекува од студентското движење и ја  основа Исламската партија на Авганистан. Растечките немири низ Авганистан предизвикале Советскиот Сојуз да ја засили својата поддршка за комунистичката влада, а бројот на советски советници во Авганистан значително се зголеми по востанието во Херат. Во овој период кога советските војски се бореле  против исламските бунтовници, советското раководство беше вознемирено од настаните во авганистанската влада. Борбата за власт меѓу авганистанскиот претседател Нур Мухамед Тараки и авганистанскиот премиер Хафизулах Амин резултираше со престрелка во претседателската палата и кратко потоа Тараки се повлече поради здравствени проблеми. Советите, веќе загрижени за колапсот на марксистичката влада во Кабул, уште повеќе беа вознемирени од фактот што не можеа да му веруваат на Амин. Лојалноста на новиот претседател на Москва беше значително послаба од Тараки, а советското раководство стравуваше дека нивното влијание во Авганистан се намалува. Во Москва беше иницирано планирање на воена инвазија врз Авганистан, а во декември голем број советски војници почнаа да пристигнуваат во Кабул.  Во  првата половина од 1980 година Советите стационираа близу 85 000 војници во Авганистан. Бројот на авганистанските војници варираше меѓу 30 000 и 50 000, додека бројот на советските трупи во земјата достигна до 115 000 војници во 1984 година. Советските војници не беа подготвени за противбунтовнички операции особено во една планинска земја како Авганистан. Нивното потпирање на тешкото оружје не одговараше на теренот, а нивните неизмерно долги конвои на возила што полека се движат беа лесна мета за заседите на муџахедините. Најкарактеристичната тактика на советските трупи беше употребата на воздушните десанти со хеликоптери



„МИГ-24 Хинт“, кои наскоро станаа симбол на војната во Авганистан. Многу градови и села станаа цел во кампањите за бомбардирање, а цивилните загуби беа огромни. Муџахедините главно ја користеа тактиката на мали и брзи напади, а некои од позначајните команданти, како Ахмад Шах Масуд во долината на Паншер извршија поголеми добро организирани и координирани напади. Во 1989 година, Советскиот Сојуз ги повлекува своите сили со претходна резолуција на ООН и добива Пирова победа.

Во 2001 година, Талибанците контролираа над 95 проценти од Авганистан. Рамнотежата на силите драстично се промени со влегувањето на мултинационалната коалиција предводена од САД во конфликтот. Ставот на САД за граѓанската војна во Авганистан во првите месеци на 2001 година не беше доволно јасен, но нејзиниот пристап кон конфликтот и талибанскиот режим беше драстично изменет  после 11 септември




По завршувањето на Руско-авганистанската војна (1980-1989) година, па сè до 1994 година, Авганистан беше во состојба на колапс. Лидерите на муџахедините се бореа помеѓу себе за превласт. Во 1995 година Талибанците продолжија да се борат со Хизби Ислами Авганистан и до февруари 1996 година тие контролираа осум провинции на југоисток

кога Њујорк и Вашингтон станаа цели на терористички напади, а за овие напади како извршител се самопрогласи лидерот на „Ал Каеда", Осама бин Ладен. По одбивањето на „Ал Каеда" на чело со Осама бин Ладен да се предадат, НАТО започна со воздушно бомбардирање на позиции на „Ал Каеда" на 7 октомври 2001 година. На почетокот на 2003 година, талибанските сили, сепак, успеаја да се регрупираат и реорганизираат. Кон крајот на февруари 2003 година, изјавите на талибанискиот режим беа во насока дека Мула Омар бил вистински лидер на Авганистан и дека владата на Карзаи не уживала поддршка од населението. Талибанците брзо ја потврдија силата зад оваа изјава со зголемен број напади врз авганистанските безбедносни сили. Со приближно 6000 војници, авганистанската влада не беше во можност да обезбеди ефикасна безбедност надвор од Кабул и затоа беше зависна од НАТО. Безбедносната ситуација во Авганистан се влоши во 2004 година, а во 2005 година, конфликтот достигна ниво на војна за прв пат од 2001 година, бидејќи беа регистрирани повеќе од 1000 смртни случаи поврзани во текот на еден месец. Изборите во Парламентот се одржаа на 18 септември 2005 година, но избирачкиот одѕив беше изненадувачки низок. Талибанците драматично го зголемија користењето на самоубиствени бомбашки напади преку напади врз „меки цели", како што се цивили и владини претставници и на помалку лошо опремени и обучени авганистански војници. Во 2006 година власта над 30 000 меѓународни воени сили беше пренесена од Коалицијата предводена од САД на Меѓународните безбедносни сили на НАТО (ИСАФ). Додека ИСАФ ја презеде контролата во јужните и источни граници, војниците во голема мера се бореа со бунтовниците. Во 2007 година, меѓународното присуство на војниците достигна приближно 45 000, а 32 000 од нив беа ИСАФ трупи, а остатокот беше стациониран под коалиција предводена од САД. Во 2008 година овој број изнесуваше 95 000, од кои 84 000 припаѓаа на ИСАФ. ИСАФ се бореше со Талибанците во јужните провинции (Кандахар, Хелманд, Урузган и Забул), додека САД и нејзините сојузници се бореа против „Ал Каеда" на исток. Сепак, во 2009 година насилството се прошири на претходно речиси недопрени области во северните делови на Авганистан. Во 2010 година вкупниот број на ИСАФ војници во земјата достигна 130 000. Во 2014 година, насилството во Авганистан достигна највисоки нивоа од инвазијата предводена од САД во 2001 година. Безбедносните сили претрпеа зголемен број жртви, бидејќи ја презедоа целосната одговорност за безбедноста во Авганистан. Во октомври 2014 година беше потпишан договор со САД и НАТО за започнување на неборбената мисија „Одлучна поддршка". Како иницијални изгледи за започнување на воената интервенција на САД и коалиционите сили во текот на 2001 година во Авганистан, односно како основна причина беа земени нападите на САД од страна на талибанските сили на 11 септември 2001 година, така што во текот на 2001 година американската влада во Авганистан распореди околу 1300 војници. Оваа бројка од година во година растеше според пропорционалната динамика на кулминирање, односно засилување на конфликтот во Авганистан, па така во текот на 2010 година оваа бројка на континуирано присуство на американските војници и коалиционите сили на НАТО ја достигна својата кулминациска точка на преку 100 000 војници. На 02.05.2011 година во раните утрински часови во упориштето близу Пакистан е убиен лидерот на „Ал Каеда", Осама бин Ладен. После неговото убиство САД направи темелна рекапитулација на одбранбените трошоци на американската одбрана за воената мисија во Авганистан од 2002-2013 година, со што се увиде дека со континуираното зголемување на присуството на војниците на НАТО се зголемуваат трошоците, а обратно пропорционално се намалува ефикасноста на воената интервенција со цел рушење на талибанскиот режим.



Па, така, во текот на 2012/13 година фокусот на САД и коалиционите сили беше насочен кон една нова мисија, односно краткорочна стратегија на НАТО и коалициските сили (2014-2020) година со цел да се намалат вкупните одбранбени трошоци на НАТО, подобрување на целосната ефикасност на воените сили преку обука, асистенција на авганистанските безбедносни и одбранбени сили кои потоа самите ќе го донесат мирот во Авганистан. Најавената мисија на НАТО започна кон крајот на 2014 година под името „Одлучна поддршка“. Мисијата „Одлучна поддршка“ започна на 1 јануари 2015 година. Правната рамка за оваа мисија беше потпишана помеѓу НАТО коалициските сили и авганистанската власт на 30 септември 2014 година, која беше ратификувана и од авганистанскиот Парламент на 27 ноември 2014 година. Оваа правна рамка односно договор (Security force agreement - SOFA) ги дефинира условите со кои беа ангажирани воените сили на НАТО. Мисијата е одобрена и од Советот за безбедност на ООН со Резолуцијата број 2189 усвоена на 12 декември 2014 година. Во моментов во оваа мисија учествуваат 16 000 војници од вкупно 39 држави-членки и партнери на НАТО.

Во текот на 12 јули 2018 година во Авганистан беа поканети Катар и Обединетите Арапски Емирати кои присуствуваа на средба со највисоките политички авторитети. Владините претставници на овие држави на оваа средба ги финализираа подготовките на Катар и Обединетите Арапски Емирати за поддршка на оваа мисија на НАТО. Нивниот придонес во оваа мисија ќе биде концентриран во градовите Кабул и Кандахар, а се состои во: асистенција и безбедносна поддршка на авганистанската влада за периодот од 2017-2021 година. Поддршката се состои во: континуирано градење на безбедносни сили и институции, развој на лидерските капацитети, подобрување на борбените можности со посебен фокус на авганистанските специјални копнени и воздушни сили, унификација и обединување на ланецот на командување и борба против корупцијата и организираниот криминал. Мисијата на Катар и Обединетите Арапски Емирати се фокусира на следниве области: оперативно планирање, развој на одбранбениот буџет, процес на менаџирање на воените сили, менаџмент и развој на воениот персонал, подобрување на логистичките капацитети и способности и сеопфатна интеграција на цивилниот персонал во мисијата за изградба на стабилна авторитативна власт во духот на владеењето на меѓународното и уставно право во Авганистан. Овие држави, исто така, финансиски ги поддржуваат вооружените сили на Авганистан .Во мај 2016 година Талибанците го именуваа новиот лидер, Хаибатулах Ахунзада, по смртта на претходниот лидер Мула Ахтар Мансур во штрајкот на американските беспилотни летала во Пакистан. 2017 година беше крвава во Авганистан со стотици невини жртви. Бомбашите-самоубијци своите напади ги насочија на погреби и банки. Според ОН, бројот на цивили убиени во шестмесечен период во текот на 2017 година достигна рекордно високо ниво споредено со претходните осум години. Авганистанската влада контролира само 63,4 отсто од земјата од 2016 година па наваму. Воените експерти и аналитичари веруваат дека што и да се одлучи, овој цивилен конфликт нема да има брз крај. Мисијата на НАТО во Авганистан се одвиваше преку следниве оперативни фази: 2002-2006 година географска експанзија на силите на НАТО, 2006-2011 година фаза на стабилизација, 2011-2014 година фаза на транзиција. Кон крајот на 2014 година мисијата од воена преминува во мисија на обука и асистенција. Од почетокот на воената мисија на НАТО се изротираа преку 15 генерали во улога на лидери на мисијата ИСАФ и тоа: генерал Џон Мекол 2002, ген. Хилми Акин Зорлу 2002/03, ген. Норберт ван Хаист 2003, ген. Готз Глиемерот 2003/4, ген. Рик Хилиер 2004, ген. Жан Луис Пу 2004/05, ген. Етхем Ердаги 2005, ген. Мауро дел Вечио 2005/06, ген. Давид Ричардс 2006/07, ген. Дан К. Мекнеил 2007/08, ген. Давид Мекиернан 2008/09, ген. Станли А. Мекристл 2009/10, ген. Дејвид Петреус 2010/11, ген. Џон Р. Ален 2011/13, ген. Џозеф Данфорд 2013/14 и ген. Џон Кампбел 2014 година до крајот на воената мисија. За 16 години континурани конфликти до 05.08.2018 година загинале над 3458 НАТО војници, преку 15 000 војници на националните безбедносно-одбранбени сили на Авганистан и над 31 000 цивилни лица.

> Во 2006 година власта над 30 000 меѓународни воени сили беше пренесена од коалицијата предводена од САД на Меѓународните безбедносни сили на НАТО (ИСАФ)



Авганистан треба да ги реформира и реструктуира своите политички институции ако сака да има безбедност, мир и одржлив економски развој. Четири сеопфатни пристапи, во комбинација, може да имаат потенцијал да го стават Авганистан на постабилен и одржлив и целосно развоен пат.

На претседателските избори во 2019 година, претседателот Гани и извршниот директор Абдула треба да продолжат и да го подобрат напредокот во спроведувањето на пристапот на владата за национално единство во врска со клучните политички иницијативи и претстојните избори. Авганистанските лидери треба да ги реформираат клучните аспекти на изборниот систем за да ги олеснат преговорите и компромисот со политичките партии за да ја распределат власта врз основа на политичката поддршка. Владата во Кабул треба да ги следи обврските за децентрализирање на административната моќ и авторитет во рамките на сегашниот уставен систем преку зајакнување на управувањето, како на општинско така и на регионално ниво. Долгорочната политичка стабилност бара сеопфатни и ефективни реформи за балансирање на моќта помеѓу централната власт и провинциите во политичкиот систем.

д-р Андреј Илиев

# „Воена дипломатија“

Во Домот на АРМ беше промовирана книгата „Воена дипломатија“ од д-р Зоран Јовановски. Авторот е полковник на АРМ и професор на Воената академија. Книгата ја претставија промоторите професор д-р Нано Ружин, амбасадорот Љупчо Арсовски и надворешниот политички коментатор Љупчо Гајдов, кои ја истакнаа важноста на оваа публикација и изразија задоволство што една таква тема е поблиску до македонската јавност




Промовирајќи ја на книгата „Воена диплопматија“, д-р Нано Ружин, истакна дека ова дело е корисен и стручен труд кој се зафаќа со елаборацијата на воената дипломатија како збир на активности што ги вршат главно претставници од Министерството за одбрана, како и други државни институции, кои имаат цел да ги следат надворешнополитичките интереси на државата во областа на безбедносната и одбранбената политика и чии акции се засноваат на употреба на преговори и други дипломатски инструменти. Трудот на д-р Јовановски опфаќа повеќе целини и содржини во однос на темата. Употребата на војната како политички инструмент е стара и авторот на почетокот на книгата дава историски осврт на дипломатијата која датира од времето на најстарите антички држави, преку египетските фараони и Асирците, античка Грција, Римската Империја, Наполеон како творец на воената дипломатија, па сè до денес. Промоторот д-р Нано Ружин забележа дека сите оние кои се занимаваат со политичките науки, воените науки и дипломатијата, често ја преферираат познатата максима на Клаузевиц „Војната е продолжување на политиката со други средства“, но во овој случај полковникот д-р Јовановски настојува, во својот стил, да докаже дека „Војната е продолжување на дипломатијата со други средства“ и затоа ова дело секако ќе има свој значаен придонес во развојот на воената теориска мисла.

Промоторот професор д-р Нано Ружин се осврна и кон придонесот на опва дело во однос на терминолошкото значење и употребата на терминот воена дипломатија. Имено, во современата литература сè почесто наместо воена дипломатија се користи концептот на одбранбена дипломатија. Меѓутоа, во суштина сите содржини и параметри од одбранбената дипломатија, како нова и специфична мисија на одбраната, која е дефинирана како учество на воените сили во дипломатијата и има за цел да се дебатира од содржините на традиционалната воена дипломатија, која подразбира промоција или демонстрација на закани и ги дефинира сите ризици на криза и дава придонес во реализација на целите на државата, со помош на разни алатки на дипломатскиот воен домен, како набљудување на кризите, стратешки дел, поддршка во дипломатијата на меѓународните организации, контрола на вооружувањето, мерките на заемна доверба, соработка во доменот на одбраната, граѓански воени акции, обновување на воените и одбранбените сили, всушност сите овие содржини се пронаоѓаат во книгата на авторот.

Амбасадорот Љупчо Арсовски, како промотор го сподели своето искуство како дипломат, истакнувајќи го развојот на воената дипломатија во Република Македонија поврзано со делото на полковникот д-р Јовановски. Тој инспиративно зборуваше и ја промовираше книгата, ставајќи го акцентот на интересот на личноста на дипломатот кој ја претставува својата држава и условите кои треба да ги исполнува за вршење на таа дипломатска професија. Промоторот Љупчо Гајдов, кој е познат надворешен политички коментатор, споделувајќи го своето богато повеќегодишно дипломатско искуство како коментатор, истакна дека книгата на д-р Јовановски може да се промислува на три начини, филозофски (глобално), етички (научно) и новинарски-популарно, истакнувајќи дека авторот многу едноставно ги пренесува големите идеи. Тој заклучи дека ова дело е една значајна едиција која ги опфаќа и областите од безбедноста, разузнавањето и контраразузнавањето и глобалните процеси. Самиот автор, д-р Зоран Јовановски, обраќајќи се на промоцијата истакна дека бил воден од позитивните искуства на земјите кои во голема мера практикуваат и имаат желба воената дипломатија да придонесе за зацврстување на нејзината улога во надворешната политика на нашата земја, а како универзитетски професор се надева дека оваа книга ќе биде добро четиво за студентите, но и за другите заинтересирани лица кои сакаат да се здобијат со сознанија за основите на воената дипломатија.

М.Р.

# Усовршување на воените вештини

Во рамките на Програмата за обука, усовршувањето на воените вештини на резервните офицери и подофицери во ракувањето со пешадиско оружје претставува една од приоритетните активности на ОРОРМ. Во контекст на ова, а согласно со Упатството за гаѓање со пешадиско оружје, на стрелиштето „Долно Оризари“ во Велешкиот регион, се реализираше еднодневна обука – подготвително гаѓање со АП 7,62 мм на реден број 1.На оваа практична обука учествуваа 80-тина резервни офицери и подофицери од Скопје, Куманово, Велес и Свети Николе. Неопходната логистичка поддршка за успешна реализација на оваа практична содржина ја обезбеди Командата за обука и доктрини (КОД), со која командува полковникот Љубенчо Петровски. Пред почетокот на гаѓањето, раководителот, капетан Драган Лабаковски од ЦИО (Центар



за индивидуална обука), го нагласи значењето на усовршувањето на воените вештини во ракувањето со АП 7,62мм, а постариот водник I каса Мухамед Реџепи, ги информираше учесниците за нејзините тактичко-технички карактеристики, при што, потсети, дека најдобри резултати поединечно се постигнуваат на оддалеченост до 400 м. На гаѓањето беа остварени одлични и многу добри резултати, односно од вкупниот број кои гаѓаа 2/3 беа оценети со „надминал стандард“. Еднодневното дружење на оваа обука заврши со заеднички ручек во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“.

# Кондиционо-едукативен марш

Маршевите, како практична содржина во едукацијата и обуката на членовите на ОРОРМ, претставуваат мошне привлечна содржина која овозможува проверка на нивната психофизичка оспособеност и можност за збогатување на воените знаења во природен амбиент. Потврда на ова претставува и регионалниот кондиционо-едукативен марш којшто се реализираше на 6 октомври во Кочанскиот регион. Маршот, на кој учествуваа 70-тина резервни офицери и подофицери од 9 општински организациони единици (ООЕ) од источниот дел на Р. Македонија и од Скопје, се реализираше на релацијата: Тополник –акумулација „Градче“ – Голем водопад и обратно, во должина од 8 км. Во регионот на акумулацијата „Градче“ и Големиот водопад, во подножјето на планината „Јастребник“, на н.в. од 500 м, поручникот Иван Димитров од Вториот механизиран пешадиски баталјон со кој командува потполковник Горан Петрушевски, ги запозна учесниците со географските и топографските карактеристики на просторот. Покрај ова, тој презентираше и информација за тактичките карактеристики на брегалничко-кичевскиот помошен правец на воени дејства, што беше проследено со големо внимание. Резервните офицери и подофицери имаа ретко убава можност да се воодушевуваат од природните убавини во подножјето на Осоговските Планини, при што, беа посебно импресионирани од Големиот Водопад со висина од 20-тина метри, кој го создала природата од водите на Голема Река.



# Јазична академија

Меѓу позначајните активности на ЦИОР (Меѓусојузничката конфедерација на резервни офицери), спаѓа и Јазичната академија, наменета за резервните офицери-активисти на националните асоцијации од земјите-членки на НАТО и на ПзМ. ЦИОР, како меѓународна




институционална форма за едукација на резервните офицери, се организира со цел изучување на англискиот и на францускиот јазик во функција на подигање на нивото на комуникација во ЦИОР. На овој начин се овозможува развивање на говорните вештини, на способностите за интерактивна комуникација и правилно пишување со посебен акцент на воената терминологија. Академијата се организира традиционално од 2000 година, а ОРОРМ со целосна логистичка поддршка на МО и ГШ на АРМ, беше домаќин и коорганизатор во 2007 година.Годинешната 19. јазична академија се одржа во Сан Фернандо во Школата за подофицери на шпанската морнарица во Шпанија. На оваа меѓународна едукација, на која учествуваа 96 резервни офицери од замјите-членки на НАТО и ПзМ, Р. Македонија ја претставуваа: резервниот потпоручник м-р Ристо Панов (Свети Николе) и резервниот капетан м-р Зоран Стојкоски (Прилеп). Во рамките на социјалната програма, учесниците на Академијата ги посетија: воздухопловната база, поморската авиобаза „Рота“, а имаа можност да се запознаат и со носачот на авиони „Хуан Карлос I“.Претставникот на ОРОРМ, м-р Ристо Панов, пред дел од учесниците на Академијата ја презентираше темата „Улогата на вооружените сили на АРМ“, а претставниците од Шпанија и од Велика Британија изразија интерес за посета и соработка меѓу нивните асоцијации и ОРОРМ.

Живко Трајановски

# 11 Октомври – Ден на непокор и почит за историјата



Единаесетти октомври 1941 година го означува почетокот на борбата за самостојност на македонскиот народ, националноослободителната борба која настанала за национално и социјално ослободување на македонскиот народ под раководство на Комунистичката партија. Тогаш македонскиот народ бил уверен дека со ангажирање во востанието ќе се здобие со национална слобода. Македонија во тој период била под фашистичка агресија, како и Југославија (1941 година). Тогаш таа била поделена меѓу италијанскиот и бугарскиот окупатор. Претходните месеци пред востанието во октомври имало диверзантски групи кои дејствувале со акции во Прилеп, во Скопје, во Велес, во Битола,а во летото 1941 година некои партиски организации формирале војнички курсеви за обука на младината пред да стапи во партизанските одреди. По обемни политички и воени подготовки бил формиран Скопскиот партизански одред (крајот на август 1941 година),

Историјата го памти 11.10.1941 година како Ден на народното востание на македонскиот народ, ден против фашизмот. На овој ден се удрени темелите на македонската државност и се оддава почит на македонскиот народ и историја. Овој ден и празнувањето е чекор напред и верба во себе на еден суверен и мал, но голем народ како нашиот. Ова е празник за една убава приказна за слободна Македонија со вградени судбини на млади луѓе

а истата година во септември се формирал и Прилепскиот партизански одред, кој подоцна ќе го добие името „Гоце Делчев“ и бројно ќе го зголеми членството. Бил формиран и Кумановскиот партизански одред на 12 октомври истата година, кој се борел против национална, социјална и економска обесправеност.

Иако во септември имало вооружени отпори против непријателите, за почеток на востанието се смета нападот на Прилепскиот партизански одред од 11.10.1941 година во кој учествувале 16 партизани распределени во три групи. Првата група ја напаѓа бугарската полициска станица. Прилепскиот партизански одред броел 45 млади комунисти и скоевци кои го извршиле планираниот напад на градот како знак на почеток на вооружено востание на македонскиот народ и народностите против окупаторите и домашните предавници.

Партизаните, Аспарух Јосифоски (командир), Душко Наумоски, Блаже Спиркоски,



Милан Димоски и Драган Спиркоски ја нападнаа бугарската полициска станица со што започна НОБ (народноослободителната борба) на македонскиот народ. Втората група го нападна затворот. Втората група ја сочинувале Никола Попоски (командир), Мице Козар, Пецо Крстески, Јонче Јанески, Благоја Корубин и Душко Ристески, а третата група ги прекинала телефонските и телеграфските врски и електричната инсталација. Во неа биле Мице Димески (командир), Крсте Црвенкоски, Коле Чашуле, Киро Ќососки и Киро Базеркоски. Меѓу партизаните немало загинати, но загинал бугарски стражар од полициската станица во Прилеп, убиен од страна на Душко Наумоски. Дејства имало и во Кумановско на 12.10.1941 година.
Денес, секоја година на овој ден има имапровизиран напад на полициската станица организиран од Армијата на Република Македонија, граѓаните и Општина Прилеп. Со огномет се слави овој значаен датум од поновата историја на македонскиот народ, зашто востанието претставува поттик на идните генерации за изградба на едно стабилно демократско и граѓанско општество. Потсетувањето на востанието придонесува и за квалитетот на животот на луѓето кои мора да учат да почитуваат.
Овој ден е одбележан со бројни свечености и прослави, со многу концерти, а делегации од македонското Собрание положуваат свежо цвеќе на спомен-обележјата на партизаните и на гробот на Методија Андонов-Ченто, првиот претседател на Президиумот на АСНОМ. Потоа со свежо цвеќе се освежува и Паркот на револуцијата и Спомен-костурницата на паднатите борци од НОБ. Се посетува и Меморијалниот музеј „11 Октомври“. И во Скопје и во Куманово има свечености. Се посетуваат гробовите и споменнците на партизаните со положување цвеќе од страна на претставници од Владата на Република Македонија, од Собранието на Република Македонија, од претседателот на РМ, од Сојузот на борците, од ограноците по градови и од делегации од Министерството за одбрана, од Генералштабот на АРМ. И локалните самоуправи на Град Скопје, Прилеп и Куманово оддаваат должна почит на спомен-обележјата. Се одржува и редовна свечена академија каде се обраќаат повеќе државници и живи партизани, а се организираат и крводарителски акции. Се доделуваат и традиционалните награди „11 Октомври“ за животно дело во областа на науката, уметноста, културата, стопанството на поедници, творци, екипи, установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и слично, од Македонија и од странство.

Во зградата на полициската станица, каде се изведувал импровизираниот напад вечерта спроти празникот, е метеж. Гужва. Раздвижено. „Гунгула“ од луѓе. Млади, стари, деца, бебиња. Симболично со истрели во небото од неколку страни се напаѓа денес сивата зграда на плоштадот во Прилеп, која порано беше жолта. Инаку градот е во целосна темнина. Само истрелите и огнометот го осветлуваат. На небото шаренило од огномет и светли искри кои воодушевуваат. Со поглед ги ловите, а со фотоапарат да ги доловите. Прекрасната глетка од неколку минути остава без здив. Татне и ечи градот, како и мислата и идејата и чувството кај патриотите и луѓето колку е важен мирот во една држава. Чувството е малку со стравопочит и покрај раскошот што се нуди на овој празник, преку посетата на делегации, преку свечени концерти, културни настани, преку трговски понуди, преку осветлување преку кое градот изгледа величествено, раскошно и прекрасно.
Инаку, зградата на полициската станица која некогаш била вински ан, интернат во 1921 година на училишна школа и гимназија, а во 1941 година била полициска станица на Бугарите т.н. участак, е и со посебни затворски ќелии. Музејот „11 Октомври“ денес е сместен во зградата на полициската станица. Првата музејска поставка е од 1961 година, која се дополнува и модернизира со нови сознанија. Музејот е надополнет со поставки во 1971 и 1983 година. Во 1961 година зградата на полициската станица е прогласена за Споменик на културата.

Во неколку простории на горниот кат има витрини во кои има фотографии, документи, карти - мапи, скици, макети со полициската станица, има мурал - голема слика на ѕид насликана со тематика од НОБ од Борко Лазески. Тука некогаш беше и бистата на Тито, списоци на 154 носители на Партизанска споменица од 1941 година,тука се и указите за прогласување на 15-те народни херои од Прилеп и Прилепско (од вкупно 90 херои во Македонија,15 се од Прилеп) и други експонати. Таму има и балконче со ограда од ковано железо. Во долниот дел, во приземјето, е сместена затворска ќелија.
Прилеп е град кој жртвувал 650 млади животи во борбите, од кои 632 биле запишани на плочките во Могилата на непобедените во заедничка гробница. Прилеп е град-херој на повеќе учесници од НОБ на кои им е подигнат и споменик.



Васе Митреска



# „Need for Speed“
## (Потреба за брзина)

„Need for Speed Payback“ е вид на игра која го тера играчот никогаш да не го крене стапалото од педалата за гас. Безобразното „дрифтање“ се постигнува без многу труд во агресивните кривини и пердувесто притискање на кочницата, со правилното употребување на нитрото, кој ви е најдобар пријател во кој било дел од отворениот пат во играта. Во денешно време има неколку вакви игри но, сепак, на оваа игра мора да ѝ се додели некој поен плус, но и некој поен помалку. И покрај нејзините импресивни визуелни елементи и современи орнаменти, моделот на возење на Payback „pick-up-and-play“ заостанува зад „Need for Speed Underground“ и инспирацијата на уличното возење од филмот „Брзи и бесни“. Сепак, за разлика од серискиот сјај, аркадните чувства на Payback не се доволни за да ја спасат играта која ја опкружува вообичаеноста. Порано „Need for Speed“ беше под големо влијание од актерот Вин Дизел и пријателите за тунираните коли и јапонскиот увоз, сега работите се променети и веќе во оваа игра ги преземаат репликите од актерот Двејн Џонсон, помешано со делови на филмови со кражби, нон-стоп акција, зависно од нарачката во денот. Играта се случува во измислена американска држава наречена Fortune Valley, измислената приказна на предавство и одмазда се одвива во позадината на еден експанзивен отворен свет кој изненадува со својот распон и разновидност. Лажниот Лас Вегас на Silver Rock е сјајна урбана џунгла на гламур и алчност која постепено се проширува низ пустините, несигурните планински венци и извртувачки пресврти кои се испружуваат низ дивината на шумата. Со стабилни фрејмови и импресивни нацртани растојанија, во делот на долината Fortune Valley каде самата природа на моменти е толку живописна, сепак нејзините локации не се посебни или незаборавни за да остават траен впечаток, но сепак ја исполнува својата улога. Истото може да се каже и за приказната на „Need for Speed Payback“. Приказната





почнува со тројца протагонисти кои ќе бидат измамени уште на почетокот на играта во една брканица и кражба, тие прават план во движење за да му се одмаздат на нивниот скриен измамник и злобниот криминален синдикат кој го претставува. Тоа е доволна едноставна суштина која дава цел на структурата на играта, бидејќи имате задача да ги победите разните архетипски тркачки екипи за да добиете шанса кај вашиот непријател кој организира најразлични трки.

Играта е еден вид клише приказна за која и не ви треба да го вклучувате мозокот додека играте, не бара некоја посебна самосвест, туку едноставно да се опуштите и да возите до максимум. Дијалогот е класичен, хармоничен, можеби на моменти и забавен, слично како кога гледаме некои филмски комедии од Б категорија, но сепак со стандардниот американски сленг во одредени количини кои сме научени да го слушаме без разлика дали се работи за филм или игра.

Нередовните мисии во приказната сепак некако се вклопуваат со раскошот и спектаклот на Payback инспирацијата од „Брзи и бесни", но исто така и се расклопува. Расклопувањето почнува од оние моменти кога ви е најинтересно и кога адреналинот ви расте и го очекувате оној најдобар момент во играта, а тоа е да ја имате контролата над возилото, е тука почнува расклопувањето. Во дадениот момент кога се крева адреналинот во вас и кога очекувате дека летате со голема брзина над мост или вашиот партнер треба да скокне во возилото додека вие го контролирате за да го изведе скокот или едноставно користите автомобил како рампа за изведување на скок со колата и баш тогаш во тој момент место вие да бидете тој што ја контролира ситуацијата, во тој ист даден момент целата сцена прекинува и вие гледате филмска сцена каде што немате контрола над ништо и чекате да заврши тоа кратко филмче за да продолжите да играте. Тука е уништувачкиот момент на играта.

Како и претходните „Need for Speed" игри, ќе се повлечете до контролните пунктови во рамките на отворениот свет, со тркање, off-road возење, дрифтање, влечење и тркачки настани кои обезбедуваат многу разновидност. Исто така има брзински замки и предизвици за дрифтање низ отворениот свет кои прават мали пречки на патот до секој контролен пункт. Тркачките и теренските настани зборуваат сами за себе, а настаните за дрифтање нудат очекувано возбудување, но и задоволство за да видите колку можете да издржите во тоа. Сите останати настани во самата игра даваат труд во разбивање на монотонијата во играта и некако успеваат во таа работа. Секако, тука се и полициските возила и сите нивни брканици и местенки кои се наоѓаат низ самата игра, иако полициските возила може да бидат агресивни, без никаков проблем ќе ги совладувате без разлика дали ќе избегате од нив или ќе се сокриете, но и да ги кршите или буткате надвор од патот е навистина интересно во оваа игра. Исто така што претставува можеби и не толку голем проблем е потребата за чувство дека возите навистина брзо, заматеноста на движењата се обидува да го продаде сето тоа како брзо темпо, но никогаш не го доловува моментот на она брзо возење каде што гледате дека брзо ви поминува светот околу вас.

Без разлика на многуте позитивности и негативности поврзани со оваа игра, на крај сепак може да се каже дека играта има адреналин и приказна, можеби не на оној начин како што сме навикнати да го добиваме од претходниците на оваа игра, но не можеме да кажеме дека оваа игра и не е толку добра. Да, има негативности и може брзо ќе ја извозите, но сепак ќе има моменти кои ќе ги запаметите.

„Need for Speed Payback" е направена од „Ghost Games", а издадена од „Electronic Arts" за повеќе платформи Playstation 4, Xbox One и за Microsoft Windows (или едноставно кажано за персонален компјутер). Мора да се спомене и дека ова е 23-та игра од „Need for Speed" серијата, каде што меѓу професионалните критичари помина со многу подобри коментари, но меѓу гејмерите и не толку добро можеби поради фактот што и премногу се очекуваше од самата игра и сериите кои произлегуваат. Исто така мора да се напомене дека оваа игра има многу големи побарувања за играње на компјутер, така што ако планирате да ја играте на компјутер подгответе се да имате гејмерски компјутер, не дека не може да се игра и на некој послаб компјутер, но за да го добиете таканаречениот „врв" во играта тогаш морате да имате многу јак компјутер, ако го немате тогаш и нема да ги добиете на монитор сите оние визуелни ефекти кои ги поседува оваа игра, а верувајте дека ги има и тоа се навистина добри како што е напишано погоре во овој текст.



Виктор Атанасов



# „Валцер со Башир“

Војната е „човечки индуцирана непогода“, цунами од куршуми, бомби, смрт и крв. Војната почнува и трае и речиси никогаш не завршува. И по примирјето, трагите од неа остануваат во меморијата на оние кои биле дел од неа, како црв кој копа во психата и не дозволува човекот да го најде својот мир. Животите на преживеаните продолжуваат и по војната, но војната не заминува од нивните животи. Како човек да го затвори тоа поглавје од својот живот и дали е воопшто можно? Дали постои универзален механизам на справување со траумите, дали постои рецепт кој ќе овозможи човек да ги остави сеќавањата зад себе? Токму со оваа тема се занимава анимираниот филм „Валцер со Башир“ на режисерот Ари Фолман. Изборот да се прикаже ваква сериозна тема со анимација наместо со филмска камера е направен од практични причини и дефинитивно е вистинскиот избор зашто Фолман успева да направи своевидно ремек-дело во однос на движечката графика на ниво на комплетниот визуелен израз, и во илустрацијата и во анимацијата.

## Мозаик од спомени

„Валцер со Башир“ добива многу на вредност поради фактот што не е само обичен филм, туку има документаристички пристап кон војната во Либан. Самиот режисер, во 1982 г., кога започнала граѓанската војна, имал само 19 години и бил директен учесник во неа. Со овој филм, Фолман ни ја раскажува приказната за оваа црна епоха од либанската историја преку обидите да ги поврати лично преживеаните заборавени моменти од неа. Во разговор со негов пријател, исто така учесник во војната, кој му се доверува на Фолман за кошмарите од истата кои сè уште и постојано го мачат, режисерот сфаќа дека ова поглавје од неговиот живот е избришано од меморијата и дека неговиот ум ги има блокирано сеќавањата. Така, тој тргнува во потрага по исчезнатите делови од сложувалката на неговото минато, барајќи ги и интервјуирајќи ги сите кои може да ги лоцира на тоа место, во тоа време – пријатели, соборци, бегалци, новинари, па и психолог од кој бара стручен одговор за настанувањето на таа мемориска блокада. Полека, сложувалката почнува да се пополнува и Фолман открива моменти кои се толку трауматични, што неговиот мозок, за да може да продолжи со нормален живот, одлучил да ги отфрли и заборави. Но, вредноста на вистината не може да се занемари. Да се утврди што навистина се случувало во Бејрут во 1982 г. и поставување на таа приказна во еден периметар кој е видлив за целиот свет е целта на Фолман, но истовремено и









потреба за затворање на личната потрага. Анимираниот пристап на прикажување е интересен од повеќе аспекти. Најпрво, портретирањето на клучните личности во сложувалката во илустрирана форма, му овозможува да ги вклучи нивните сведоштва, без притоа да ја загрозува нивната физичка анонимност и потреба да останат во сенка, особено кога 26 години подоцна, веќе имаат изградено животи, оставајќи ја војната, колку повеќе можат, во минатото. Освен тоа, самата движечка илустрација овозможува рекреирање на настани, спомени и историски моменти, онака како што Фолман ги визуелизира, на еден начин, овозможувајќи ни нас, како гледачи, да влеземе во неговата глава и да ги видиме истите слики. Трето, анимацијата дава поинаква уметничка слобода која овозможува бои, сетови и движења кои не мора да кореспондираат со реалноста, затоа што и самиот израз е интерпретација на истата, за разлика од фотографскиот пристап. Сепак, и покрај изборот да се направи анимиран филм, во ниту еден момент не е загубена сериозноста на темата, напротив. Сцените многу живо и емотивно прават дисекција на настаните, привлекувајќи ни го фокусот и држејќи го во континуитет.



### Редок примерок во воениот жанр

Интервјуата на Фолман со релевантните луѓе, познаници кои учествувале во војната, открива една страшна вистина – пасивноста на човекот да преземе нешто кога пред неговите очи се одвива неправда и терор, избегнувањето на одговорност и молчењето кога немоќните треба да се заштитат. Сепак, тоа дистанцирање од таквите ситуации, не е толку едноставно затоа што грижата на совест останува да прогонува до крајот на животот. Кај чесниот човек со интегритет, секогаш ќе стои отворено прашањето – дали направив доволно, дали можев да реагирам за да го сменам исходот во друг правец, односно прашањето без одговор - „што ако...?“. Тоа е случај и со протагонистите во чии искази се чувствува тегобноста на нивната пасивност кога се сомневале дека пред нивни очи се случува нешто страшно, но не биле доволно гласни за да го спречат. А она страшното, тоа е масакрот на Сабра и Шатила, каде повеќе од 1000 Палестинци се масакрирани како одмазда за атентатот врз новоизбраниот претседател на Либан – Башар Гемаел. Грижата на совест стои во потсвеста и на Ари Фолман, кој не бил директен извршител на масакрот, но подоцна сфаќа дека со извршување на наредбите, индиректно помагал во најцрната ноќ од либанската граѓанска војна. Слично на депортацијата и убивањето на Евреите во Втората светска војна, така и овде, Палестинците се транспортирани со камиони надвор од маалата и никогаш не се вратени, додека бегалскиот камп „Шатила“, наредното утро, не изгледал нималку поинаку од Варшавското гето. Режисерот се обидува да го сврти прстот кон едно многу важно прашање – како сето тоа успеало да се дозволи и да се спроведе, како се случило и покрај толку сомневање дека се одвива нешто страшно, никој да не успее да го спречи? Последната сцена од филмот е полн погодок во поентирањето: анимацијата се преточува во вистински фотографии и снимки од масакрот за да нè потсети дека изминатите час и половина не гледавме цртан филм, туку рефлексија на едно страшно минато кое не смее да се заборави.

Во однос на визуелниот стил, Фолман користи многу двобојни кадри кои потсетуваат на графики со остри линии на ликовите, тежнеејќи кон класичен стил на стрип. Анимацијата е жива и многу блиску ја симулира реалноста. Дури и експресиите на ликовите на протагонистите се пресликани веројатно од реалните видеа кои се користеле како документаристичко истражување. Сето тоа, надополнето со музиката на Макс Рихтер. Токму концептуалната оригиналност на овој филм, која следи кратко после излегувањето на анимираниот филм „Персеполис“, направен по графичката новела на Маржан Сатрапи (двата филмови се слични во многу работи), ќе му донесе многу награди на „Валцер со Башир“, вклучувајќи и „Златен глобус“ „Цезар“, како и номинација за „Оскар“ и „БАФТА“ наградите. Иако е старо веќе една деценија, ова ремек-дело на Ари Фолман останува да биде едно од ретките бисери на воениот жанр во анимирана форма.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија и сценарио:** Ari Folman

**Улоги:** Ari Folman

**Монтажа:** Nili Feller

**Музика:** Max Richter

**Г.:** 2008

**Времетраење:** 90 минути

**Земја:** Израел, Германија, Франција

**Награди:** „Златен глобус“, „Цезар“, награда за најдобар филм на неанглиски јазик, номинации за „Оскар“, „БАФТА“, „Златна палма“ и други



# Мермерното Езеро – македонското „Памук кале“

Мермерното Езеро, до коешто води 5-километарски земјен пат, сместено во напуштениот рудник за мермер над селото Беловодица кај Прилеп, е вистинска хит-дестинација. Стотици посетители секој ден тука наоѓаат спас од летните горештини.

Поради атрактивниот предел сместено во мермерни блокови, езерото го добило името – Мермерно Езеро или прилепско „Памук кале“, а според белата боја на блоковите и тиркизната боја на водата потсетува на турската туристичка атракција „Памук кале“. Водата е кристално чиста и е привлечна за капење во текот на летниот период. Езерото е настанато во поранешниот ископ на мермер, којшто бил напуштен пред неколку години зашто се појавила подземна вода. Сепак, треба да се внимава при посетата на Мермерното Езеро. Постојат делови од рудникот кои не се безбедни. Има појава на одрони и крупни карпи блиску под површината на водата, така што е голем ризикот при фрлање во вода од поголеми височини. Теренот е еколошки чист, а квалитетот на водата е хемиски и биолошки исправен. Езерото е длабоко 20 метри и содржи 100.000 кубни метри вода. Температурата на водата се движи од 22 степени на површината, а во длабочините се спушта до 8 степени. Рударите од рудникот Беловодица имаат посебен придонес при изградбата на оваа прилепска атракција.

Нуркачите под водата откриле дека во езерото има ситни риби и вегетација која се развива по дното и по страните од езерото. Почнало да се нафаќа и мов на мермерните блокови. Многубројни се убавините на нашата земја, така и Мермерното Езеро има прекрасна глетка со извонреден амбиент и, секако, подводен свет кој вреди да се види.

Кристина Илиевска

# Убавините на Македонија















МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АРМИЈА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА





# ПРИЈАВИ СЕ

## ЗА ДОБРОВОЛНО СЛУЖЕЊЕ ВОЕН РОК

Тел.: (02) 3282535


**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

**АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ул.„ Орце Николов“ бр.116
1000 Скопје

Тел: (02) 3282535
Факс: (02) 3212180
www.morm.gov.mk


## УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

– Државјанин на Република Македонија
– На возраст од 18 до 26 години
– Да сте здрвствено способни за воена служба